НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

број 26

# НОТАРИУС

CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

Издавач:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Главен и одговорен уредник:
**Нотар МАТИЛДА БАБИЌ**

Редакциски одбор (по азбучен ред):
Нотар **АНИТА АДАМЧЕСКА,**
Проф. Д-р **АРСЕН ЈАНЕВСКИ,**
Нотар **АРИФ НЕЗИРИ,**
Нотар **АНАСТАСИЈА ПЕТРЕСКА,**
**СТОЈАНЧЕ РИБАРЕВ**
Претседател на Апелационен суд Штип
**ХАЈДАРИ Е. ШЕФАЈЕТ**
Претседател на Апелационен суд Гостивар

Адреса:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
бул. „8 Септември" бр. 2/1
1000 Скопје,
Тел.: 02 **3115 816**; 02 **3214 448**
Факс: 02 **3239 150**
Секретар: 078 **219 867**
e-mail: **nkrm@t-home.mk**
**www.nkrm.org.mk**

Даночен број: МК 4030998346127
Жиро сметка: 240010000006382
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектор:
**ДАНИЕЛ МЕДАРОСКИ**

Графички дизајн и техничко уредување:
**СТУДИО КРУГ** Скопје

Печати:
**МАРИНГ** Скопје

Тираж:
**350** примероци

Изнесените ставови и мислења и презентираните факти во трудовите објавени во Нотариус се на авторите и не секогаш ги одразуваат ставовите и мислењата на Издавачот

Дел од терминологијата која се користи во текстовите, специфична за проблематиката на темите во весникот, е оставена онака како што мислеа авторите, без поголема лекторска анализа.

Од лекторот

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

# НОТАРИУС

број 26

СОДРЖИНА

ОБРАЌАЊЕ НА ГЛАВНИОТ И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК . . . . 5

**ГЛАВА I**
**АКТУЕЛНИ ТЕМИ** . . . . 7

ГОВОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РМ,
ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА . . . . 9

ГОВОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УНИЈАТА НА ЛАТИНСКИ НОТАРИЈАТ,
ДАНИЕЛ СЕНГОР . . . . 11

ИЗЛАГАЊЕ НА ПРОФ. Д-Р АРСЕН ЈАНЕВСКИ НА СВЕЧЕНАТА АКАДЕМИЈА . . . . 25

РЕЗИМЕ НА МАТЕРИЈАЛИ ОД СЕМИНАРОТ ВО МАРСЕЈ,
проф. д-р Дејан Мицковиќ и д-р Ангел Ристов . . . . 38

**ГЛАВА II**
**СТРУЧНИ ТЕМИ** . . . . 51

ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖНИЦА ОД АСПЕКТ НА НОТАРСКОТО РАБОТЕЊЕ
нотар Марјан Коцевски. . . . . 53

ТЕРК НА ПОТВРДА (СОЛЕМНИЗАЦИЈА) НА ЗАДОЛЖНИЦА . . . . 73

ИЗЈАВА ОД ДОВЕРИТЕЛ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 8 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖНИЦА 75

ИЗЈАВА ОД ДОВЕРИТЕЛ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 11 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖНИЦА 76

ИЗЈАВА ОД ДОВЕРИТЕЛ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 13 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖНИЦА 78

**ГЛАВА III**
**ИНФОРМАЦИИ ОД ОРГАНИ И ТЕЛА НА НОТАРСКА КОМОРА НА РМ** . . . . 81

ПРОГРАМА ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР ВО 2014 ГОДИНА . . . . 83

СПИСОК НА НОТАРИ НАД ЧИЕ РАБОТЕЊЕ ЌЕ СЕ ВРШИ НАДЗОР . . . . 84

ЗАКЛУЧОЦИ ОД СТРУЧНО СОВЕТУВАЊЕ НА НОТАРИТЕ . . . . 85

ДРУГИ ЗАКЛУЧОЦИ . . . . 94

# СОДРЖИНА

ГЛАВА IV
**ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ** . . . . . 101

ИМЕНИК НА НОТАРИ . . . . . 103

ИМЕНИК НА ПОМОШНИЦИ НОТАРИ . . . . . 125

СПИСОК НА НОВОИМЕНУВАНИ НОТАРИ . . . . . 128

СПИСОК НА НОТАРИ НА КОИ ИМ ПРЕСТАНАЛА СЛУЖБАТА . . . . . 129

## ДРАГИ КОЛЕГИ И ЧИТАТЕЛИ НА НОТАРИУС,

Најпрвин да Ве поздравам во името на членовите на новиот редакциски одбор на списанието Нотариус, како и во свое лично име.

Пред Вас е новиот број на гласилото на НКРМ, 26. по ред, редактирано од новиот уредувачки одбор, избран од Управниот одбор на НКРМ. Ќе се трудиме како и досега, да продолжиме и понатаму да ги бираме најактуелните теми и содржини кои ќе го привлечат вашето внимание и интерес за листање и читање на Нотариус.

Содржините во самото списание ќе биде конципирани и систематизирани во неколку глави, зависно од тематиката.

Почнувајќи од овој број, па натаму во сите наредни броеви, се планира првите страници на Нотариус да бидат резервирани за најактуелните настани во нотаријатот, како и во правниот систем (живот) во државата, со нови законски решенија и измени во регулатива кои неизбежно имаат влијание на работата на нотарите.

Како најактуелна тема во изминатите месеци и до денес, се новите измени во предлог-законот за нотаријат, по кој повод се случија повеќе настани и се преземедоа дејства во организација на НКРМ, меѓу кои значајно место заседе свечената седница во чест на гостувањето на претседателот на Меѓународната унија на Латинскиот нотаријат, г. Даниел Сенгор. Затоа почетните страници на овој број на Нотариус се резервирани за излагањата на претседателот на НКРМ, г-ѓа Зорица Пулејкова, претседателот на Меѓународната унија на Латинскиот нотаријат, г. Даниел Сенгор и излагањето на професорот д-р Арсен Јаневски, кои најизворно ја изложија суштината на нотарската професија, посебно с'ржта на латинскиот нотаријат, на кое ценето и престижно семејство му припаѓа и нашиот македонски нотаријат. Во истата глава е сместен и трудот на проф. д-р Д. Мицковиќ и доцент д-р А. Ристов, кои ни го претставуваат францускиот нотаријат, кој е еден од најстарите во друштвото на членките на латинскиот нотаријат.

Предвидена е и посебна глава во нашето списание која ќе обработува најмалку по една актуелна содржина од стручната работа на нотарите. Во овој број тоа ќе биде темата за задолжницата која како правен инструмент за обезбедување на паричните побарувања помеѓу правните субјекти се воведе со донесувањето на Законот за задолжница и е дел од правниот систем на РМ, а од јануари 2015 година, ќе биде задолжителна, па природно во овој период е од голем интерес за нотарите.

Во секој број од Нотариус, во засебна глава ќе се сублимираат и објавуваат тековни правни мислења и заклучоци донесени од Стручниот совет на НКРМ.

Една глава ќе биде резервирана за информирање на нотарите со работата на органите на НКРМ, претседателот на НКРМ, Управниот одбор, Дисциплинскиот совет, Надзорниот одбор, Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари, Стручниот совет и другите органи на комората, за да се овозможи поголема транспарентност во работењето на истите и информирање на нотарите за поважните одлуки кои истите ќе ги донесат.

Предвидено е и воведување, како новина, посебна глава во списанието, во која ќе се објавуваат поважни судски одлуки, кои се однесуваат директно на нотарската пракса и работењето на нотарите, односно одлуки кои третираат нотарски акти и преземени дејства на нотарите во врска со нивната служба.

Како и досега, во една глава ќе бидат опфатени сите именици кои ги води НКРМ, како Именикот на нотарите, Именикот на помошници-замениците и сл. Во делот од Нотариус кој има информативен карактер, ќе се објавува список на нотари на кои им престанала службата поради која било причина, новоименувани нотари, како и на нотари кои добиле посебни одликувања или признанија.

Драги колеги нотари, ве повикуваме доколку имате некои предлози, забелешки или нови идеи за збогатување на содржината на нашето списание, да ни се обратите писмено, односно да ги напишете вашите предлози и да ги адресирате до Редакцискиот одбор на Нотариус, при НКРМ.

главен и одговорен уредник
нотар Матилда Бабиќ

# Глава I

# АКТУЕЛНИ ТЕМИ

# ГОВОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РМ, ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА

Почитуван Претседателе на Меѓународната унија на Латинскиот нотаријат, почитувани и ценети гости, колеги и претставници на медиумите.

Како претседател на Нотарската комора на Република Македонија, би сакала од името на сите нотари да го изразам своето задоволство за одржувањето на оваа свечена академија која за прв пат е организирана во рамките на нотарските денови. Но, пред сè, дозволете ми да Ве поздравам, да Ви посакам добредојде и да Ви се заблагодарам за присуството на овој значаен настан за нотаријатот во Република Македонија. Со посебна благодарност на претседателот на Меѓународната унија на Латинскиот нотаријат, г. Даниел С. Сенгор, кој и покрај бројните обврски, без двоумење ја прифати поканата и специјално за оваа прилика за прв пат допатува во Република Македонија и наедно му посакувам пријатен престој во нашата земја.

Основните надлежности на нотарите, како што се составување нотарски акти, потврдување приватни исправи, заверка на потписи, преписи и преводи генерално се уредени во Законот за нотаријатот. Овие надлежности нотарите ги извршуваат од самиот почеток, имајќи предвид дека резултатите коишто се постигнаа со воведувањето на нотарите во правниот систем, пред сè ефикасноста, законитоста и непристрасноста, следуваше растоварување на судството од неспорните работи и нивно пренесување во надлежност на нотарите со што беше направена голема реформа во правосудниот систем во Република Македонија. Од 2008 година во надлежност на нотарите како повереници на судот премина постапувањето во оставинската постапка, а од 2011 год. и постапката за донесување решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа. Нови надлежности нотарите добија со Законот за задолжница, со Законот за катастар на недвижностите и со Законот за вонсудско спогодување. Без оглед на тоа што добија и дополнителни надлежности, нотарите и понатаму продолжуваат со стручноста и ефикасноста во своето работење.

Досегашната, скоро шеснаесетгодишна работа и развој на нотаријатот во Република Македонија позитивно се одрази врз целокупното функционирање на правниот систем во државата, овозможи олеснување на правниот промет, полесен, поекономичен пристап кон правните услуги кои претходно ги даваа судовите, како и давање нови правни услуги кои имаат влијание врз унапредувањето на превентив-

ната правна заштита. Ова, пред сѐ, најдобро се гледа во постапките на промет со недвижности каде што благодарение на инзвонредната соработка меѓу нотарите и Агенцијата за катастар на недвижностите, можностите за злоупотреба во оваа област кои во минатото беа релативно чести сега се сведени на минимум и се мерат со промили. Зголемувањето на делокругот на надлежностите на нотарите придонесе зголемена соработка со повеќето институции, меѓу кои и Министерството за правда со кои институции постои одлична комуникација со цел придонесување за подобро функционирање на нотаријатот. Афирмацијата на важноста на нотарската служба во правниот промет и живот во државата се потврдува со сѐ помасовно користење на нотарските правни услуги и помош на граѓаните и другите правни субјекти, а со што се докажува и довербата во работењето на нотарите.

Се надевам дека и во иднина нотаријатот, како дел од правосудниот систем, ќе продолжи успешно да ги остварува своите должности и притоа да биде отворен за соработка и со други правни фели и заеднички да дејствува во оваа насока со нив, притоа секогаш водејќи сметка да се зачуваат основните принципи на латинскиот нотаријат.

Ви благодарам на вниманието и на поддршката што му ја давате на македонскиот нотаријат.

НОТАРСКА КОМОРА НА РМ
Претседател
Зорица Пулејкова с.р.

# ADDRESS OF THE PRESIDENT OF THE INTERNATIONAL UNION OF NOTARIES (UINL)

**Mr. DANIEL SEDAR SENGHOR**

**SOLEMN ACADEMY**
**HOLIDAY INN, SKOPJE - OCTOBER 17, 2014**

Distinguished
Minister of Justice of the Republic of Macedonia, Mr. Adnan Jashari
President of the Judicial Council of the Republic of Macedonia,
President of the Bar Association of the Republic of Macedonia,
President of the Chamber of Enforcement Agents of the Republic of Macedonia,
Director of the Academy for Judges and Public Prosecutors,
State attorneys,
Judges from the Supreme, Appellate and Principal courts,
Attorney General,
Director of the Agency for Real Estate Cadaster of the Republic of Macedonia,
Director of the Central registry of the Republic of Macedonia,
Advisors from the Ministry of Justice,
Professors of the Law Faculty, dear Professor Mr. Arsen Janevski,
Dear President of the Notary Chamber of Republic of
Macedonia, Mrs. Zorica Pulejkova,
Fellow Colleagues, Honourable participants, Ladies and Gentleman.

It is a great pleasure for me to be here with you and take part in this solemn ceremony organised by the Macedonian Notariat in occasion of its Annual Notary Days.

However, above all, it is an opportunity to pay a tribute to the Notariats of Macedonia and his president, Ms. Zorica Pulejkova who, not without difficulties, each day accomplish some remarkable work at the service of the profession in this country and thank her for her kind invitation.

To begin with, I would like to take advantage of my presence here with you today to briefly describe our organization which I have the honour of being the president of, the ***International Union of Notaries***, before setting out the key aspects of what the missions of notaries should be, which is one of the major goals of our policy.

## I – THE NOTARIAT IN THE PRESENT-DAY WORLD

### A. The International Union of Notaries in figures

Today the Union – which the Notariat of Macedonia has been a member of since 2001 –includes 86 countries across the 5 continents, and namely 15 of the 19 G20 countries, 22 of the 28 member states of the European Union, that is to say two thirds of the world population and over 60% of global GDP.

Furthermore, there are numerous Notariats across the 5 continents wishing to join the 86 Member Notariats of UINL, which today are 37 in Europe, 22 in America, 19 in Africa and 6 in Asia, with many applications for admission pending.

The Civil Law Notariat is therefore an extraordinary repository of know-how to help establish proof of rights in advance and make them peacefully secure through the mediation of independent professionals at the service of contract-based peace.

These “legionnaires” of what I like to define as the “law of peace” referred to their mission of dispute prevention, include about 300,000 notaries and 2 million collaborators.

Every year they draft over 400 million public authentic acts.

You will therefore be able to acknowledge through these figures that the Romano-Germanic notarial system, also referred to as the Latin-type system, is a system on the rise, since many countries have either recently set up or are currently interested in the organization of this excellent proof-of-right system or its improvement.

This action is indeed remarkable, but it is necessary to make it known and this involves regular demonstration.

### B. The International Union of Notaries in facts

Our **major policy action** therefore pursues the goal of showing that in a modern state, which today has to respond to the most fundamental needs of society, such as **legal certainty**, **transparency** and the **dejudicialization of contractual relations**, notaries throughout the world have a key role to play **side-by-side with the State** and **at the service of citizens**.

Working side-by-side with the State, how do they succeed in responding to the triple needs of users and public authorities?

It is thanks to their special status of public officials appointed and supervised by the State, and liberal professionals practising privately, that they are able to act as a link between the public and the private spheres, **between the State and citizens**, thereby embodying the public/private partnership of which we recognize all the benefits, especially in Europe.

## II – WHAT THE MISSIONS OF NOTARIES SHOULD BE:

### a. The status of notaries as "public officials"

✓ The first criterion is their appointment by the executive, be it the President of the Republic the Prime Minister or the Minister of Justice;

✓ **The second criterion is the regulation of the number of notaries and their places of office;**

✓ **The third criterion is the strict definition of the tasks of notaries that is to say the subject matters where their preventive involvement is necessary otherwise there would be an increased risk of disputes;**

✓ The fourth criterion is the need to have mandatory legal rates identical for all professionals and controlled by the State.

### b. Behaviour of notaries towards the State and citizens.

✓ First and foremost notaries need to be absolutely impartial and neutral in their professional activity both in advising and suggesting solutions.
The notary is the legal advisor of a case file rather than the client.

The notary has to act as a mediator and a conciliator to ensure balanced contractual commitments which he authenticates.

✓ **The notary also has to abide by strict deontology.**

Exemplary disciplinary sanctions have to be established by regulations in order to prevent and repress any shortcomings to this regard.

**c. The activity carried out vis-à-vis users:**

There are three missions of social interest.

✓ The first is to **assure the legal certainty** of the activities for which the notary drafts authentic acts and this is why he is required to fulfil a duty of result.

The value of Latin Notaries in providing legal certainty globally, the main principles on which notary is based upon, and that introduction of other actors in the proceedings before the notary if not done especially careful could distort these principles to the extent that will prevent the operation of notaries in Macedonia, which so far had done and still are doing great work.

This legal certainty is an essential condition for the economic development of the country because without it there would be no confidence, no credit, no investments, no jobs and therefore no growth or social progress.

✓ The second mission of social interest is to **respond to the growing need for advice** of the users of the law.

The present-day complexity of legal norms has become an almost inextricable jungle and the need for legal certainty makes the activity of providing advice to citizens essential.

As a result, notaries need to receive top-level training in order to be able to respond to this need.

Moreover, notaries have to keep their knowledge up-to-date by means of periodical refresher training courses and lifelong learning.

✓ The third mission of social interest fulfilled by notaries is that of avoiding **the development of judicial procedures thereby responding to the present-day need for dejudicialization.**

This is because the peaceful passing on of what has been capitalized

through the efforts made in the course of a lifetime by one generation in favour of the next is undoubtedly the most fundamental relationship in family law and it is therefore necessary to make this secure because families are the basic unit of society.

• **Through the prevention of disputes first and foremost** thanks to checks made upstream of contracts to avoid judicial proceedings downstream.

• **Through the increasingly important role taken on by alternative forms of dispute settlement** where the impartiality and neutrality of the notaries allow them to play an active role in conciliation mediation and arbitration procedures for the friendly settlement of disputes.

**d. The activity carried out vis-à-vis the State:**

Here, there two missions of general interest.

✓ The first is to act as a **link between the State and citizens.**

The notary has to explain the law to users before making sure that it is complied with.

We have often used the term "teacher of law" to describe them, but I prefer to use the term "translator of law".

✓ The second is tied to the **transparency assured by the authentic act** which is an official act, recorded in the registers of notaries and recorded and published in public registers.

The formalism of the authentic act is of dual interest to the State:

• First and foremost it helps fight money-laundering, organized crime and corruption.

**Knowing who owns what** and **how transactions are financed**, especially in the field of real property, which is the field preferred for money-laundering, is essential for the rule of law.

This is why in most civil law countries the competence for all real property related transactions is reserved to notaries only.

The traceability of an authentic act allows the public authorities to be informed about capital movements and to therefore identify any abnormal transactions.

• Then, the opportunity to **fight tax evasion**.

The authentic act makes offshoring impossible because it is registered on the premises of the notarial office.

It is therefore an extraordinary tool to fight the absence of transparency of capital, the proliferation of tax havens and fiscal dumping which many countries lend themselves to, including European ones to the detriment of the building of a unitary Europe.

In conclusion one can say that the notarial institution is a modern profession of services which satisfies the fundamental needs of the rule of law and of modern society.

It assures legal certainty at the service of economic growth and the transparency of activities at the service of the State.

We need to make sure that this dual mission is accomplished within the framework of a profession having exemplary ethics that is united, based on solidarity and respectful of the service granted by the State and the need for certainty of its users.

Furthermore it is necessary that the State understands this perfectly and supports it, since the service of the law of peace is a difficult art which often goes against powerful and well-organized interests which try to make it fail.

Finally and before finishing, some words relating to the social aspect:

In my capacity as first president elected coming from the African continent, one of these "small bodies of notaries", as the Macedonian one, you can understand my great sensitivity for the notary social role.

I think in particular of the role that Notaries can play at the service of some social actions as "Civil status of the children" and "land tenure security". In the land field, the UINL is particularly active, in partnership with many international Organizations.

Our 3rd conference on Land tenure security in Vietnam next December, will gather many specialists in land, the United Nations agencies, the World Bank and Civil Society organizations.

The stake is to show the social role which our profession fills, proposing legal tools allowing a simplified security of the land rights of the most vulnerable people, without letting the only economists play the game.

We have to involved in it and to support the economic development and to contribute to bring the growth.

And we count on the Macedonian Chamber of Notaries and the vigorous experiment of its fifteen years, to help us to achieve these goals of social peace, while also rendering service, via a close co-operation, with the other Chamber of Notaries of the central Europe, which all wish to reinforce our beautiful profession.

Concluding, I would like to wish you all fruitful proceedings for your Notarial days in Ohrid, underlining the very interesting and up-to-date topics you will discuss during the next days.

***Distinguished Minister, Honourable guests, President of the Chamber and fellow colleagues***, I would like to thank you for your kind attention.

***Daniel-Sédar SENGHOR***
President of the International
Union of Notaries

# ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА УНИЈА НА НОТАРИТЕ (UINL)

**г. Даниел Седар Сенгор**

**СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА**
**ХОЛИДЕЈ ИНН СКОПЈЕ - 17 ОКТОМВРИ 2014 ГОДИНА**

Почитувани,
Министер за правда на Република Македонија, г. Аднан Јашари,
Претседател на Судскиот совет на Република Македонија,
Претседател на Адвокатската комора на Република Македонија,
Претседател на Комората на извршителите на Република Македонија,
Директор на Академијата за судии и јавни обвинители,
Народен правобранител,
судии од Врховниот суд, од апелационите и од основните судови,
Јавен обвинител,
Директор на Агенцијата за катастарот на недвижностите на Република Македонија,
Директор на Централниот регистар на Република Македонија,
советници од Министерството за правда,
професори од Правниот факултет, драг професор г. Арсен Јаневски,
драг Претседател на Нотарската комора на Република Македонија,
колеги, почитувани учесници, дами и господа!

Ми претставува огромно задоволство да бидам тука со Вас и да земам учество во оваа свечена церемонија организирана од Македонскиот нотаријат по повод годинешните нотарски денови.

Сепак, пред сѐ, ова е можност да оддадам почит на Нотаријатот во Република Македонија и неговиот претседател, г-ѓа Зорица Пулејкова, која без никаква тешкотија, секојдневно остварува извонредна работа во служба на професијата во оваа земја и да ѝ се заблагодарам за нејзината љубезна покана.

На почетокот, би сакал да ја искористам предноста на моето присуство денес со Вас накратко да ја опишам нашата организација, во која ја имам честа да бидам претседател, ***Меѓународнаїа унија на нотариїе***, пред да ги образложам клучните аспекти на она што треба да биде мисијата на нотарите, а која е една од најголемите цели на нашата политика.

## I – НОТАРИЈАТОТ ВО ДЕНЕШНИОТ СВЕТ

### А. Меѓународната унија на нотарите во бројки

Денес Унијата - во која Нотаријатот на Македонија е член од 2001 година, вклучува 86 држави низ 5-те континенети, имено 15 од 19 држави од Г20, 22 од 28-те држави членки на Европската Унија, што може да се каже дека е две третини од светската популација или повеќе од 60 % од глобалниот БДП.

Понатаму, има голем број нотаријати низ 5-те континенти кои имаат желба да се приклучат на 86 нотаријати-членки на МУН, кои денес се 37 во Европа, 22 во Америка, 19 во Африка и 6 во Азија, со многу апликации за прием во очекување.

Затоа нотаријатот за граѓанското право е извондредно складиште за „ноу-хау“ (know-how), а кое може да помогне однапред да се воспостави примената на правата и истите да ги направи мирни и безбедни преку процесот на посредување од страна на независни професионалци во служба на договорниот мир.

Овие „легионери“ кои јас сакам да ги дефинирам како „правото на мирот“ познати по нивната мисија за спречување спорови, опфаќаат повеќе од 300.000 нотари и 2 милиони соработници.

Секоја година тие изработуваат повеќе од 400 милиони јавно веродостојни акти.

Оттука, преку овие бројки сте во можност да утврдите дека римско-германскиот нотарски систем, исто така познат како латински систем, е систем во пораст, бидејќи многу земји или неодамна го поставија или во моментов се заинтересирани за организација на овој одличен „доказ за право“ систем или негово подобрување.

Оваа акција е навистина извонредна, но неопходно е да се направи позната, а тоа вклучува редовна презентација.

### Б. Меѓународната унија на нотарите преку факти

Оттука нашата главна политика на дејствување се стреми кон целта да покаже дека во една модерна држава, која денес мора да одговори на најосновните потреби на општеството, како што се правната **сигурност**, **транспарентност** и **вонсудски договорни односи**, нотарите низ целиот свет имаат клучна улога да играат **рамо до рамо со државата и во служба на граѓаните**.

Работејќи рамо до рамо со државата, како успеваат да одговорат на тројните потреби на корисниците и јавните органи?

Благодарение на нивниот посебен статус на јавни службеници кои се именувани и надгледувани од страна на државата и слободни професионалци кои работат приватно, се способни да дејствуваат како врска помеѓу јавната и приватната сфера, **помеѓу државата и граѓаните**, а со тоа придонесуваат за отелотворување на јавно-приватното партнерство, од кое ние сите ги гледаме придобивките, особено во Европа.

## II. КОЈА ТРЕБА ДА БИДЕ МИСИЈАТА НА НОТАРИТЕ:

### а. Положбата на нотарите како „јавни службеници“

✓ Првиот критериум е нивното **именување** од страна на извршната власт, независно дали од претседателот на државата, премиерот или министерот за правда;

✓ Вториот критериум е **регулирањето на бројот на нотарите и местото на нивните канцеларии**;

✓ Третиот критериум е строгата дефиниција на **должностите** на нотарите, односно прашањата каде нивната претходна вклученост е потребна, а инаку би бил зголемен ризикот од спорови;

✓ Четвртиот критериум е потребата да се има задолжителни законски тарифи исти за сите професионалци и контролирани од страна на државата.

### б. Односот на нотарите спрема државата и граѓаните

✓ Прво и основно нотарите треба да бидат апсолутно непристрасни

и неутрални во нивната професионална дејност и во советувањето и предлагањето решенија.

Нотарот е правен советник на списите во предметот, а не на клиентот.

Нотарот мора да дејствува како медијатор и посредник, за да се обезбедат балансирани договорни обврски кои тој ги заверува.

✓ Нотарот исто така мора да се **придржува кон строгата деонтологија**.

Примери на дисциплински санкции треба да бидат утврдени со прописи, со цел да се спречат и да се совладаат сите недостатоци во овој поглед.

**в. Активноста која ја вршат vis-à-vis (во однос на) корисниците:**

Постојат три мисии од општествен интерес.

✓ Првата е **да се обезбеди правна сигурност** на активностите за кои нотарот изготвува автентични дела и тоа е причината зошто е потребно истиот да ја исполни обврската за резултат.

Вредноста на латинските нотари во обезбедувањето правна сигурност на глобално ниво, главните принципи врз кои се заснова нотарот и воведувањето на другите актери во постапката пред нотар, ако не се направат особено внимателно, би можеле да ги нарушат овие принципи до степен до кој ќе се спречи работата на нотарите во Република Македонија, а кои досега направиле и сè уште вршат одлична работа.

Оваа правна сигурност е основен услов за економскиот развој на земјата, бидејќи без истата, не може да се има доверба, нема да има кредити, инвестиции, нема да има нови работни места и оттука нема да има раст или социјалниот напредок.

✓ Втората мисија од општествен интерес е **да се одговори на зголемената потреба за совети** од корисниците на законите.

Моменталната комплексност на правните норми стана речиси необјаснива џунгла и потребата за правна сигурност ја прави активност за давање совети на граѓани од суштинско значење.

Како резултат на тоа, нотарите треба да добијат највисоко ниво на обука со цел да бидат во можност да одговорат на оваа потреба.

Уште повеќе, нотарите мораат своето знаење да го усовршуваат и да бидат во тек со сè, преку периодични освежувачки тренинг-курсеви и доживотно учење.

✓ Третата мисија од општествен интерес која треба да биде исполнета од страна на нотарите е **избегнување развој на судските постапки и на тој начин да се одговори на денешната потреба за вонсудско решавање на споровите**.

Тоа е затоа што мирното пренесување на она што е капитализирано преку напорите направени во текот на својот живот, од една генерација во корист на следната, е несомнено најпознатиот основен однос во семејното право и затоа е потребно ова да се направи сигурно, а бидејќи семејствата се основната единица на општеството.

- **Преку спречувањето на споровите прво и основно** благодарение на проверките направени спротивно од договорите, за да се избегнат судските постапки во иста насока.

- **Преку зголемената важна улога преземена преку алтернативните форми на решавање на споровите** каде непристрасност и неутралност на нотарите ќе им овозможи да играат активна улога во постапките на помирувањето, на посредувањето и арбитражните постапки за пријателско решавање на споровите.

**г. Активноста која ја вршат vis-à-vis (во однос на) државата**

Овде постојат две мисии од општ интерес.

✓ Првата е да се дејствува како **врска помеѓу државата и граѓаните**.

Нотарот мора да им го објасни правото на корисниците пред да биде сигурен дека се согласуваат со него.

Често го користиме терминот „учители по право“ за да ги опишеме, но јас преферирам да го користам терминот „преведувачи на правото“.

✓ Втората е поврзана со транспарентноста загарантирана со **автентичниот документ** кој е официјален документ, евидентиран во регистрите на нотарите и објавен во јавните регистри.

Формализмот на автентичниот документ има двоен интерес за државата.

- Прво и основно, тоа помага во борбата против перењето пари, организиран криминал и корупција.

  **Знаејќи кој е сопственик на што и како се финансирани трансакциите**, особено во областа на недвижниот имот, а која област се преферира за перење пари, е од суштинско значење за владеењето на правото.

  Ова е причината зошто во повеќето земји кои се базираат на правен систем на граѓанско право надлежноста за сите трансакции поврзани со недвижниот имот е резервирана само за нотарите.

  Следењето на автентичниот документ им овозможува на јавните органи да бидат информирани за движењето на капиталот и со тоа да идентификуваат какви било невообичаени трансакции.

- Потоа, можност за **борба против даночното затајување.**

  Автентичниот документ го прави „офшорингот“ невозможен бидејќи е регистриран во просториите на нотарската канцеларија.

  Затоа е извонредна алатка за борба против недостигот на транспарентност на капиталот, зголемувањето на бројот на даночните засолништа и фискалниот дампинг на кој многу земји се подложни, вклучувајќи ги и европските, на штета на градењето на унитарна Европа.

Во заклучокот можеме да кажеме дека нотарската институција е модерна професија за давање услуги, која ги задоволува основните потреби за владеење на правото и модерното општество.

Таа ја обезбедува правната сигурност во служба на економскиот раст и на транспарентноста на активностите во служба на државата.

Треба да бидеме сигурни дека оваа двојна мисија се постигнува во рамките на една професија, имајќи примерна етика која е обединета, врз основа на солидарност и почит на услугата доделена од страна на државата и потребата за сигурност на своите корисници.

Исто така потребно е државата совршено да го разбира ова и да го поддржува, бидејќи службата на правото за мир е тешка уметност која често оди против моќните и добро организирани интереси, а кои се обидуваат истата да не успее.

Конечно, и пред да завршам, неколку зборови кои се однесуваат на социјалниот аспект!

Во моето својство на прв претседател избран од африканскиот континент, еден од оние „мали тела на нотарите", како што е македонскиот, можете да ја разберете моја чувствителност за социјалната улога на нотаријатот.

Особено мислам на улогата што нотарите можат да ја играат во служба на некои социјални активности, како „граѓанскиот статус на децата" и „гаранција на правото на сопственост на земјиштето". Во областа на земјиштето, МУН е особено активна, во повеќе партнерства со многу меѓународни организации.

Нашата 3. конференција за гаранција на правото на сопственост на земјиштето во Виетнам следниот декември, ќе собере многу специјалисти од оваа област, од агенциите на Обединетите нации, од Светска банка и од организации за граѓанското општество.

Влогот е да се покаже социјалната улога која нашата професија ја остварува, предлагајќи правни алатки истата овозможува поедноставување на сигурноста на земјишните права на многу ранливи категории граѓани, не дозволувајќи само економистите да ја играат играта.

Ние треба да се вклучуваме во тоа и да го поддржиме економскиот развој и да придонесеме за донесување раст.

Ние сметаме на Македонската комора на нотарите и на енергичните експерименти во нејзините петнаесет години, дека ќе ни помогнат да се постигнат овие цели на социјален мир, додека во исто време интерпретираат услуги, преку тесна соработка со другите комори на нотарите од Централна Европа, а кои сите сакаат да се зајакне нашата убава професија.

Заклучувајќи, би сакал на сите да Ви посакам плодно продолжување на вашите нотарски денови во Охрид, со акцент на многу интересните и актуелните теми за кои ќе разговарате во текот на следните денови.

***Ценет министер, почитувани гости, Претседател на Комората и колеги***, би сакал да Ви се заблагодарам на Вашето внимание!

***Даниел Седар СЕНГОР***
Претседател на
Меѓународната унија на нотарите

# ИСТОРИСКИ ОСВРТ И СЕГАШНИОТ СТАТУС НА МАКЕДОНСКИОТ НОТАРИЈАТ

**Д-р Арсен Јаневски***

Почитувана госпоѓа Пулејкова, Претседател на Нотарската комора на Република Македонија, почитувани колешки и колеги нотари, дами и господа, уважени гости!

Пред да го започнам моето излагање, Ви благодарам на поканата за присуство на оваа свечена академија и на можноста и честа која ми ја укажавте да можам да Ви се обратам на темата „Историски осврт и сегашниот статус на македонскиот нотаријат".

Иако периодот од донесувањето на Законот за вршење на нотарските работи во 1996 година (Службен весник на Република Македонија бр. 59/96; 25/98; 6/2002 и 66/2006), со кој се воведе нотаријатот во Република Македонија до денес, за државите во кои нотаријатот има долга традиција од 100 години, а во некои и од 200 години па и повеќе, е релативно краток период, за нас овој период е мала историја, но од големо значење и затоа заслужува да се осврнеме на него, иако од започнувањето со работа на првите нотари во Република Македонија има нешто повеќе од 16 години. Ова не значи дека на овие простори не се знаело за постоењето на нотаријатот. Нотаријат постоел во Кралска Југославија воведен со Законот за јавните бележници (нотари) донесен на 11 септември 1930-II год. објавен во „Службене новине бр. 220 –LXXVII. 26. Септембра, 1930-II год#. Според параграф 253 став 1, „овој закон стапува во сила кога ќе биде објавен во Службените новини, а ќе се применува на подрачјата на апелациските судови во Белград и во Скопје и во Великиот суд во Подгорица кога тоа министерот за правда ќе го одреди со уредба издадена во согласност со претседателот на Министерскиот совет, а во другите подрачја по истекот на два месеца по објавувањето". Според моите сознанија, овој закон никогаш не бил во примена на подрачјето на тогашниот апелациски суд во Скопје. По распаѓањето на Кралска Југославија во 1941 година и по завршување на војната со Одлуката на АВНОЈ од 3. февруари 1945 г. (Службен лист на ДФЈ 4/45) , а потоа и со Законот за неважност на правните прописи донесени пред 6. април 1941 г. и за време на непријателската окупација од 23.10.1946 г. (Службен лист на ФНРЈ 86/46), законите кои беа во сила до 6. април 1941 г. ја изгубија својата правна сила и можеа да се применуваат како правни правила под услов односната материја да не е регулирана со

* редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

нов пропис и наведените правила да се во согласност со новиот поредок на социјалистичка Југославија. Затоа првите почетоци на нотаријатот во Република Македонија се врзани со донесувањето на Законот за вршење на нотарските работи од 1996 година, а првите нотари кои во најголем број се присутни тука и денес почнаа со работа на 15 јуни 1998 година.

Во Република Македонија, по нејзиното осамостјување како посебна независна држава, со донесувањето на Уставот од 1991 година, со кој се инаугурира граѓанско општество, ориентирано кон пазарна економија, нужна беше радикална реформа, не само во економскиот, туку и во правниот систем на земјата. Се наметна потребата од промена на постојните закони, донесување сосема нови закони и уредување на односите на сосема поинаков начин. При тоа, се појави и потребата од пренесување на некои управни и судски работи во надлежност на други служби, на што упатуваа искуствата на други земји. Конкретно, се јави потреба од воведување јавна служба за вршење нотарски работи. Тоа се оствари со донесување на Законот за вршење на нотарските работи. Законот за вршење на нотарските работи беше донесен на 16 октомври 1996 година, а почна да се применува од 01.10.1997 година. Истиот закон беше менуван и дополнуван во 1998 година непосредно пред да започнат со работа првите нотари, а потоа и во 2002 и во 2006 година. Во 2007 година се донесе Законот за нотаријатот кој со неколку измени и дополнувања и денес е во сила (Службен весник на Република Македонија бр. 55/2007; 86/2008; 139/2009; и 135/2011).

Со воведувањето на нотаријатот требаше да се остварат одредени цели. Така, воведувањето на нотаријатот требаше позитивно да се одрази врз вкупното функционирање на правниот систем во државата. Оваа нова јавна служба требаше да го олесни правниот промет, да овозможи давање на некои правни услуги кои порано не беа давани, а особено да влијае на унапредувањето на т.н. превентивна правна заштита, да придонесе во зголемувањето на правната сигурност и намалување на споровите, да ги растовари судовите и управните органи.

Стручноста на нотарите, нивната обврска да им укажуваат на странките на правните последици од правните работи што тие сакаат да ги преземат и грижата за тоа да се утврди нивната вистинска волја, придонесуваат за квалитетот на актот што го составува нотарот, а со тоа се намалува бројот на можните спорови при толкувањето на тој акт во поглед на правата и обврските на учесниците во правниот однос што со него се уредени. Посебната форма и стручно дефинираната содржина на нотарската исправа, како и нејзиното својство на јавна исправа, а во одредени случаи и на извршна исправа кога тоа го предвидува законот, во голема мера ја олеснува работата на судовите и другите

државни органи, односно ја намалува потребата од интервенција во процесот на давање правна заштита. Нотарите, уште при дефинирањето на односот помеѓу странките и склучувањето на правната работа, ја обезбедуваат онаа правна заштита која судовите ја даваат при решавањето на спорот. Со воведувањето на нотаријатот како самостојна, стручна, непристрасна и независна јавна служба се олеснува остварувањето, односно докажувањето на правото во евентуалните спорови, а во некои случаи воопшто се елиминира потребата од водење парници. Со отпочнувањето на примената на Законот за вршење на нотарските работи, односно со отпочнувањето со работа на првите нотари, се очекуваше да дојде до намалување на обемот на работата на судовите, посебно на основноте судови и некои управни, т.е. државни органи, од една страна и побрзо, поедноставно и многу поквалитетно остварување на правата на граѓаните и другите субјекти, од друга страна.

Првите нотари во Република Македонија, вкупно 23, се именувани по спроведениот конкурс кој беше објавен во весникот Нова Македонија на 05.01.1998 година, а започнаа со работа на 15.06.1998 година. Во месец март, поточно на 10.03.1998 г., беше објавен вториот конкурс на кој беа именувани уште 33 нотари, а со објавувањето конкурс на 04. септември 1998 г. беа именувани 29 нотари и со конкурсот од 02. јуни 1999 година беа именувани уште 33 нотари, така што веќе нивниот број за нешто повеќе од една година достигна бројка од 118 нотари кој број постојано се зголемуваше за да достигне денес до 187 нотари. Според Правилникот за критериумите за бројот и распоредот на службените седишта на нотарите во Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 52 од 13 октомври 1997 година) беа предвидени 116 нотарски места. Правилникот за критериумите за бројот и распоредот на службените седишта на нотарите беше менуван неколку пати, и тоа: 2000 год. (Сл. весник на РМ бр. 111/2000), во 2001 год. (Сл. весник на РМ бр. 30/2001, бр. 37/ 2001), во 2008 год. (Сл. весник на РМ бр. 1/2008 и 141/2008) и во 2013 год. (Сл. весник на РМ бр. 91 од 28. јуни 2013 година). Како што се зголемуваа надлежностите и обемот на работата на нотарите, така се зголемуваше и нивниот број кој сега според Правилникот е 220 нотари, од кои 187 нотарски места се пополнети, а 33 непополнети.

По започнувањето со работа на првите нотари набргу потоа, во месец август, истата година, на 15.08.1998 г., беше основана и Нотарската комора на Република Македонија и другите органи и тела. Нотарската комора основана со цел да ја претставува професијата, односно нотарската служба пред државните органи и институции во земјата и надвор од неа, стана чувар на професионалниот углед и честа на нотарите и национална нотарска институција по која се препознаваат нотарите. Македонските нотари се вклучени во системот на Латинскиот нота-

ријат, што беше потврдено со приемот на Нотарската комора на Република Македонија во Унијата на латинскиот нотаријат на Конгресот во Атина одржан на 29 и на 30 септември 2001 година. Во писмото испратено од Рим, на 31 октомври 2001 година од претседателот на Меѓународната унија на латинскиот нотаријат, г. Хелмут Феслер, до претседателот на Нотарската комора на Република Македонија г. Никола Кајчевски, помеѓу другото, пишува: „Церемонијата за прием на вашиот нотаријат во Меѓународната унија на латинскиот нотаријат и подигнувањето на знамето на вашата земја во Атина беа возбудливи моменти за Собранието на нотарските комори членки на Унијата на латинскиот нотаријат. Во својство на претседател на Меѓународната унија на латинскиот нотаријат, јас официјално ви го потврдувам резултатот на таа одлука. Собранието на нотарските комори-членки, кои се состанаа на 29 и на 30 септември 2001 година во Атина, донесе едногласна одлука и позитивно се изјасни за барањето за зачленување на Нотарската комора на Република Македонија. Соодветно на тоа, Нотарската комора на Република Македонија е полноправна членка на Меѓународната унија на латинскиот нотаријат, почнувајќи од 30 септември 2001 година од 18 часот“.

На приемот на Нотарската комора на Република Македонија во Унијата на латинскиот нотаријат ѝ претходеа низа активности од страна на Комората и на Унијата. Во почетокот, како набљудувач, Комората имаше прилика да учествува на состаноците на Комисијата за европски и медитерански прашања на Унијата на латинскиот нотаријат, а од приемот во Унијата, Нотарската комора на Република Македонија полноправно учествува во таа комисија. Со одлука на претседателот на Комисијата за прашања за европската заедница, г. Жак Бехин, Нотарската комора на Република Македонија е примена во својство на набљудувач во таа комисија.

Комисијата за прием на нови членки во Меѓународната унија на латинскиот нотаријат во состав: Мишел Кордие, шеф на делегацијата - претседател за меѓународна соработка и постојан советник на УИНЛ - Франција, Мишел Мерлоти, постојан советник на УИНЛ - Швајцарија, Алфонсо Рентери Ароцена, постојан советник на УИНЛ - Шпанија, Жан Пјер Кранц, генерален секретар на УИНЛ - Франција и Виторио ди Кањо, постојан советник на УИНЛ, делегат за односи со нотаријатите кои не се членки на Унијата - Италија, оствари посета на Нотарската комора на Република Македонија во периодот од 3 до 7 ноември 2000 година. На 6 и на 7 ноември 2000 година Комисијата беше примена во одвоени посети од претседателот на Република Македонија, од претседателот на Владата на Република Македонија, од претседателот на Собранието на Република Македонија, од претседателот на Уставниот

суд, од претседателот на Врховниот суд и од министерот за правда и во разговорите од сите преставници на институциите на Република Македонија беа искажани позитивните искуства од воведувањето на нотаријатот и дотогашното работење на нотарите. Од страна на господинот Мишел Кордие, во името на делегацијата на Комисијата за прием на нови членки во УИНЛ испратена со задача да утврди дали во Република Македонија Нотарската комора ги исполнува сите услови за прием во УИНЛ, беше искажано големо задоволство што сите анализи на законските и подзаконските акти кои ја регулираат нотарската дејност се соодветни на целта што Македонија сака да ја постигне - членство во Унијата. Тој истакна дека во Македонија наишол на извонредно квалитетна нотарска организација со високи стандарди на работење и професионално однесување којашто целосно ја извршува функцијата за којашто е востановена и дека ќе му претставува особена чест и задоволство да подготви позитивен извештај од оваа посета за Меѓународната унија на латинскиот нотаријат. По поднесениот извештај од претседателот на Комисијата, г. Мишел Кордие во Фиренца – Италија, следуваше приемот на Нотарската комора на Република Македонија во Меѓународната унија на латинскиот нотаријат во Атина под нејзиното уставно име. Од нејзиниот прием во Унијата до денес, преставниците на Нотарската комора на Република Македонија се присутни на сите позначајни собири кои ги организира Унијата, а што е уште позначајно, во органите и телата на Унијата се вклучени и претставници на нашата комора, што е знак дека нотаријатот во Република Македонија е високо ценет од земјите членки на Унијата. Покрај другото, доказ за тоа е и денешното присуство на претседателот на Меѓународната унија на латинскиот нотаријат, г. Даниел С. Сенгор, кој специјално за оваа прилика за прв пат допатува во Република Македонија. Нека ми биде дозволено во Ваше и во мое име да му искажеме искрена благодарност за неговото денешно присуство и обраќање, со што го зголеми значењето на оваа свечена академија.

Дејноста, односно работата која на почетокот ја вршеа нотарите во Република Македонија беше во надлежност на судовите во најголем дел во вонпарнична постапка, а еден дел и во надлежност на управните органи. Со донесувањето на Законот за судовите во 1995 година се создадоа услови еден дел од вонпарничните работи да бидат иземени од судовите и со Законот за вршење на нотарските работи, да бидат пренесени во надлежност на нотарите. Имено, неспорна беше констатацијата дека правдата е спора. Оптовареноста на судовите со предмети кои не беа, а и денес не се спорни, беше голема. Постапувањето на судовите во вакви предмети во суштина не претставува правораздавање, поради што за овие предмети не би трербало да постапуваат судовите.

Неспорно е дека ако судовите бидат растоварени од неспорните предмети, би биле далеку поажурни и што е уште поважно, би можеле да донесуваат поквалитетни одлуки. Потребата од растоварување на судовите од неспорни работи беше констатирана многу порано. Иако тој процес започна уште со донесувањето на Законот за вршење на нотарските работи во 1996 година, тој сè уште трае, и тоа со различен интензитет во зависност од тоа дали станува збор за предмети од сферата на парничната, вонпарничната или извршната постапка. Растоварувањето на судовите, како што веќе понапред споменав, најпрво започна во сферата на вонпарничното право, а потоа следуваше растоварувањето и во сферата на извршната материја. Денес нема никакво сомневање дека судовите треба да бидат растоварени и од предмети кои не се спорни, а за кои постапуваат судовите во парнична постапка.

Предметите кои не се спорни и во кои нема правораздавање, треба да се доверат на постапување на други служби кои вршат јавни овластувања од типот на нотаријатот, извршителите, катастарот и др.

Законот за вршење на нотарските работи, како и постојниот Закон за нотаријатот, по примерот на многу земји во Европа и пошироко, а посебно по примерот на Законот за нотаријатот во Република Хрватска и Законот за нотаријатот на Република Словенија, ги прифатија принципите на т.н. слободен латински нотаријат и ги имаат сите обележја на тој тип на нотаријат. Овој тип на нотаријат е прифатен скоро во сите европски држави (освен оние кои припаѓаат на англоамериканскиот и на скандинавскиот правен круг), потоа во земјите на Латинска Америка ,во државите во Африка од франкофонскиот круг, како и во Турција, во Кина, во Јапонија и др. Слободниот латински нотаријат подразбира одвоеност и самостојност на работата на нотарите од работата на адвокатите.

Слободниот латински нотаријат кој е прифатен во законодавството на Република Македонија може да се означи како функционално оптимален компромис помеѓу јавниот карактер на таа служба и нејзиното вршење од страна на слободни висококфаливикувани лица кои сами го поднесуваат деловниот ризик на својата работа, како и организациската форма со посебно висока содржина и државно значење. Пристапувањето во оваа јавна служба, службеното седиште и подрачјето, како и самата работа на нотарите се повеќекратно зависни од државата, односно од нејзината контрола. Покрај контролата што ја врши Нотарската комора, единствено државата е таа која преку Министерството за правда и нејзините државни органи - судовите може да врши контрола над работата на нотарите. Во спротивно, се губат смислата, целите и независноста на нотаријатот утврдени во Законот за нотаријатот, којшто во целост го прифатил латинскиот модел - тип на нотаријат.

Поради карактерот на службата - јавниот карактер на работата, нотарите по правило се непристрасни повереници на странките кои не можат да го одбијат преземањето на службените дејствија. Поради ова, нотаријатот не може и не смее да се изедначува со другите слободни професии - посебно со адвокатурата. Устроениот концепт на слободниот латински нотаријат во Република Македонија има свои карактеристични обележја на слободна професија, и тоа: непостоење одредена клиентела; можност за (ограничена) конкуренција; право директно да се наплати наградата и да ги надоместуваат трошоците од странката; сами да ги поднесуваат трошоците поврзани со нотарската канцеларија; плаќање штета ако на странката ѝ е причинета и слично.

Јавниот карактер на нотарската служба и нејзината улога во склопот на превентивната правна заштита влијае и на дефинирањето на положбата на носителите на таа служба, на начин кој има доста сличности со судискиот статус. Нотарите се непристрасни повереници на странките. Тие својата дејност ја вршат на барање на странките, преземаат службени дејствија, независно од нивната волја, односно дејствуваат по службена должност, а не врз основа на налог, како на пр. адвокатите. Помеѓу другото, и поради ова, нотарите не можат истовремено да бидат и адвокати, ниту пак да вршат некоја друга служба, односно да имаат друго вработување. Дејноста на нотарите е основно занимање за времето додека истата ја извршуваат. Бидејќи нотарите се непристрасни повереници на странките, тие се должни да ја чуваат нотарската тајна.

Нотаријатот е самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања, врз основа на закон, при што нотарот работите од својот делокруг ги врши независно, самостојно, непристрасно и стручно, врз основа на закон, други прописи и општи акти засновани на закон. Затоа на нотарите им се гарантира (релативна) функционална и персонална независност во однос на државата и на странките. Во вршењето на нивната служба, тие се подложни на Уставот и законите и во начело никој не може да им дава упатства или налози за вршење на нивната служба. Условите за нивно именување, разрешување и дисциплинска одговорност се утврдени со закон и загарантирана им е судска заштита на нивниот статус. Можноста за пребарување во нивните канцеларии и изрекување на мерката притвор битно е ограничена со закон.

Содржината на нотарската дејност на почетокот беше уредена со Законот за вршење на нотарските работи, а денес е уредена со Законот за нотаријатот и со други закони. Согласно законот, делокругот на дејностите кои ги вршат нотарите можеме да го групираме во следните групи на работи, и тоа: 1) составување нотарски исправи за правни работи и изјави (нотарски акти - нормативно-цертификациска функција,

односно регулациско-цертификациска функција); како и за факти на кои се засноваат права (записничко-цертификациска функција, односно протоколарна-цертификациска функција); 2) службено заверување и потврдување приватни исправи (легализациско-цертификациска функција); 3) примање на чување исправи, пари и хартии од вредност, заради нивно предавање на други лица или надлежни органи (депозитна функција); 4) вршење работи (преземање службени дејствија) по барање на судовите или други органи и тела предвидени со закон (доверени работи - комесаријална функција); и 5) со оглед на карактерот на работата што ја вршат и грижата за лицата кои учествуваат во составувањето на нотарските исправи, како и фактот дека нотарот е повереник на странките, нотарите имаат и советодавна функција (конзилијарно-мониторна функција).

Со посебни закони во надлежност на нотарите е реализацијата на залозите (продажба на подвижни предмети и продажба на недвижности врз кои е заснована хипотека). Исто така и според Законот за обезбадување на побарувањата нотарите имаат овластувања во обезбедувањето на побарувањата на доверителите. Според Законот за измени и дополнувања на Законот за извршување кој е донесен во 2009 година, нотарите се надлежни да донесуваат решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Кругот на дејноста на нотарите од ден на ден се проширува. Со донесувањето на Законот за задолжница во 2012 година, надлежностите на нотарите уште се проширија, така што задолжницата ја составува нотар преку системот за водење на Регистарот на задолжниците кој го води Централниот регистар. Во овој закон има одредени нејаснотии во поглед на улогата на нотарот при креирањето на задолжницата што укажува на тоа дека и по 16 години постоење на нотаријатот, можни се грешки на законодавецот во поглед на тоа кои дејствија може нотарот да ги преземе и како може да обликува одредена правна работа, односно да му се даде одредена форма. Одредени надлежности нотарите имаат и според Законот за трговските друштва. Прошурувањето на надлежностите на нотарите е резултат на добро етаблираната нотарска служба и на високото професионално ниво на стручност, доверба и углед кој нотарите го стекнаа кај државата, институциите, граѓаните и правните лица во овие 16 години од нивното работење, од една страна, а од друга страна и од потребата од растоварување на судовите од неспорните работи.

Така, во надлежност на нотарите, а со цел да се растоварат судовите од вонпарнични работи кои не се спорни и не се правораздавање (судење во вистинска смисла на зборот), се пренесоа составувањето и потврдувањето исправи, заверката на потписи, преписи и ракописи. И

покрај тоа што во Законот за вршење на нотарските работи во посебна глава - глава тринаесетта, која беше насловена како „Нотарите како повереници на судовите и другите органи“, во која беа предвидени одредби (членовите 127-131), имаше законска можност, односно основ за спроведување постапката за расправање на оставината и други работи кои можеа да му се доверат на нотар, сепак до тоа не дојде сè додека не се донесе новиот Закон за вонпарничната постапка во 2008 година. Ова е така од причини што во членот 127 од Законот за вршење на нотарските работи беше предвидено дека овластувањата на нотарите за расправање на оставината се уредуваат со закон кој ја уредува таа постапка, а таа постапка беше уредена со Законот за вонпроцесната постапка од 1979 година, во кој немаше одредби според кои би можел судот оставинските предмети да му ги довери на постапување на нотар. Со донесувањето на Законот за вонпарничната постапка во 2008 година, се создаде правен основ и законска можност претседателот на основниот суд да може предметите за расправање на оставина да му ги довери на постапување на нотар. Во овие предмети нотарот е повереник на судот и овие работи спаѓаат во кругот на доверени работи (комесаријална функција на нотарот). Во постапката за расправање на оставината како доверена работа нотарот постапува само ако нема спор ни за фактите ни за примена на правото. Со Законот за вонпарничната постапка од 2008 година, во надлежност на нотарите е и делбата на заеднички предмет или имот, кога нема спор за начинот и условите за делба, тогаш делбата се врши кај нотар во форма на нотарски акт. Од вонпарничните работи кои ги врши судија, а не се судски и не се правораздавање , кои до измените на Законот за облигациските односи во 2008 година заверката на потписите на договорот за доживотна издршка и договорот за распределба на имот за време на живот ја вршеше суд со измените на Законот за облигациските односи, се предвиде можноста заверката да ја врши суд или нотар, иако нема ниеден аргумент за тоа заверката на овие договори и понатака да ја врши судот. Затоа при идни измени на Законот за облигациските односи би требало да се предвиди заверката на овие договори да ја врши исклучиво нотар.

Со донесувањето на Законот за договорен залог во 2003 година, договорните страни можат на договорот за залог да му дадат својство на извршна исправа, ако при заверката на нивните потписи кај нотарот дадат изјава дека се согласуваат нивниот договор за залог да има својство на извршна исправа, со што се избегнува парнична постапка во случај на спор, а се растоварува судот. Со Законот за договорен залог, на нотарите им е дадена надлежност за реализација на залогот, но со отпочнување со работа на извршителите, сметам дека реализацијата на залогот која според Законот за залог сè уште е и во надлежност на

нотарите, би требало да биде во исклучива надлежност само на извршителите. Истото ова се однесува и кога е во прашање реализација на обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права. И овој вид на реализација треба да биде во исклучива надлежност на извршителите.

Според Законот за парничната постапка, судот на нотар може да му го довери доставувањето писмена на барање на странка, која се согласува да ги надомести трошоците и наградата кои се предизвикани со доставата.

Со измените и дополнувањата на Законот за извршување во 2009 година, надлежноста на нотарите се прошири, така што постапката за издавање платен налог врз основа на веродостојна исправа се пренесе на нотарите. Нотарите, кога се исполнети претпоставките за издавање платен налог, носат решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Со ова се исклучува можноста да се бара издавање платен налог врз основа на веродостојна исправа пред суд со што се растоваруваат судовите од неколку стотици илјади предмети во кои нема спор, односно ако нема приговор против решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа.

Се поставува прашањето дали се исполнија очекувањата на законодавецот, односно целите кои беа поставени со воведувањето на нотаријатот во Република Македонија. Одговорот е позитивен. Сите сомнежи кои постоеја при воведувањето на нотарската служба, односно нотаријатот во Република Македонија, се покажаа дека биле без основа. Нотаријатот во Република Македонија профункционира онака како што и најголемите оптимисти тоа не го очекуваа. Слободно може да се констатира дека овој законски проект на Република Македонија е еден од најуспешните проекти. Се разбира, за тоа се заслужни нотарите кои со својата стручност и однос кон работата и странките од една страна, а посебно Министерството за правда од друга страна, откако се увери дека нотарската служба може да се носи со надлежностите кои ѝ беа дадени, интервенира во неколку закони со кои овозможи нотаријатот да профункционира така како што треба и како што се очекуваше. Тука, пред сѐ, треба да се напомене дека донесувањето на Законот за нотаријатот во 2007 година во голема мера придонесе да се редактираат низа нови одредби за одредени прашања поврзани со работењето на нотарите со кои се разрешија некои нејаснотии од Законот за вршење на нотарските работи. Меѓу другото, се предвидоа одредби со кои се регулира одредена материја која до тогаш не беше регулирана со Законот за вршење на нотарските работи.

Воведувањето на нотаријатот во Република Македонија позитивно се одрази врз целокупното функционирање на правниот систем во

државата. Оваа нова јавна служба го олесни правниот промет, овозможи давање некои правни услуги кои порано не беа давани, а што е посебно значајно, според наше мислење, влијаеше врз унапредувањето на т.н. превентивна правна заштита, затоа што со своето дејствување придонесува за правната сигурност и одбегнувањето спорови. Имено, стручноста на нотарите, нивната законска обврска да им укажуваат на странките за правните последици, за правните работи што сакаат да ги преземат и грижата за тоа да се утврди нивната вистинска волја, придонесуваат квалитетот на актот што го составува нотарот да биде доведен до перфекција, со што се намалува бројот на можните спорови при толкувањето на тој акт во поглед на правата и обврските на учесниците во правниот однос што се уредува со него.

Посебната форма и стручно дефинираната содржина на нотарската исправа, како и нејзиното својство на јавна исправа, а во одредени случаи и на извршна исправа, во голема мера ја олеснува работата на судовите и другите органи и служби, односно ја намалува потребата од интервенција во процесот на давање правна заштита. Нотарите, уште при склучувањето на правната работа и дефинирањето на односот помеѓу странките, ја обезбедуваат онаа правна заштита што судовите можат да ја дадат дури при решавањето на спорот.

Со воведувањето на нотаријатот како самостојна, стручна, независна и непристрасна јавна служба, во голема мера се олесни докажувањето, односно остварувањето на правата во одредени спорови, а во некои случаи се елиминира потребата од водење парници. Од една страна, се растоварија судовите и управните органи за оние работи кои преминаа во надлежност на нотарите, а од друга страна, граѓаните и правните лица многу побрзо, со помали трошоци и поедноствно ги остваруваат правата.

Добро организираната нотарска служба овозможи граѓаните и правните лица без никакво чекање, брзо и квалитетно да ги остваруваат нивните права. Ги снема долгите редови и гужвите пред шалтерите во судовите и органите на управата. Со воведувањето на нотарската служба, граѓаните ги остваруваат правата во уредни простории на нотарот опремени со сето она што е потребно за една нотарска канцеларија предвидена според закон, без чекање во редови и по ходници. Ако има потреба да се почека кај нотар, согласно законот, секој нотар е должен да има посебна просторија за таа намена.

Воведувањето на нотаријатот ја зголеми правната сигурност. Со признавањето нотарските исправи да имаат својство на јавни исправи, а особено во случаите кога нотарската исправа има својство на извршна исправа, избегнато е водење парнична постапка и директно може да се бара извршување, со што е овозможена брза, сигурна, лесна и економична заштита на правата на граѓаните и другите правни субјекти.

Ова, секако, сакале ние да признаеме или не, претставува огромна придобивка за граѓаните и за другите правни субјекти, во заштитата на правата, од една страна, а со тоа, од друга страна, државата му придава голема улога и значење на нотаријатот во заштитата на правата на граѓаните и правните лица.

Воведувањето на нотаријатот во Република Македонија има посебно значење и за меѓународно-правните односи. Ова е така од причина што под услови на реципроцитет, нотарските исправи составени во странство имаат иста правна важност, како да се издадени согласно Законот за нотаријатот. Со ова се добива многу, затоа што се забрзува правниот промет, од една страна, а се избегнуваат цели постапки кои би требало да се водат во странство, се добива во време и што е многу важно, се избегнуваат многу големи трошоци, од друга стртана.

За погоренаведените придобивки кои се резултат на воведувањето на нотаријатот во Република Македонија посебна заслуга има Нотарската комора и нејзините органи, а посебно стручниот совет. Денес сме сведоци за работата на стручниот совет, излегува книга-збирка во која се содржани правните мислења и заклучоци за низа спорни прашања од работењето на нотарите со што не само што на аргументиран начин се разјаснети спорните прашања, туку тие имаат силно влијание на еднообразната примена на законите и нотарското работење.

Нотарската комора од самиот почеток, односно од нејзиното формирање, разви соработка со низа институции и поединци од редот на универзитетските професори, со судии од основните, од апелациските судови и од Врховниот суд на Македонија, со државни службеници од министерствата на Владата на Република Македонија, од Јавното обвинителство, од Државното правобранителство, од Агенцијата на катастарот за недвижностите, од банките, од Централниот регистар и од бројни други институции, организирајќи советувања и семинари на теми и за прашања за кои имаше потреба од едукација и заземање ставови за единствена и воедначена примена на законите при нивното работење. Драгоцена беше и несебичната помош и искуството на нотарските комори на Република Хрватска и Република Словенија, особено во првите години од воведувањето на нотаријатот во нашата земја. Нотарската комора и во иднина треба да продолжи со континуирана едукација не само на нотарите, нивните заменици и помошници, туку и на стручните соработници и приправници, со оглед на тоа што бројот на нотарите и вработените кај нотарите постојано се зголемува како што се зголемуваат и надлежностите, со цел да се унапреди или барем да се задржи нивото на квалитет на услугите кои тие денес ги даваат.

Во поглед на натамошниот развој на нотаријатот во Република Македонија може слободно да се констатира дека сè уште има простор за

натамошно растоварување на судовите од предмети кои не се правораздавање и нивно пренесување во надлежност на нотарите, било како изворна или како доверена надлежност.

Во оваа прилика, посебно би сакал да укажам на потребата од измени и дополнувања во Законот за нотаријатот. Во досегашната негова примена нема некои поголеми проблеми, но сепак во него ќе треба да се интервенира и тој да се прилагоди на промените кои ги наметнуваат времето во кое живееме и технолошкиот развој. Меѓусебното мрежно компјутерско поврзување, како и поврзувањето со други институции и установи, а посебно новите технологии, како што се електронскиот потпис, видеоконференцијата и сл. го менуваат поимот на лично присуство со потпишување на документот со електронски потпис преку интернет или присуство на странките на екранот на компјутерот по пат на видеоконференција. Се наметнува прашањето за можноста за нотарска исправа во електронска форма. Исто така, станува многу актуелно прашањето на водење на книгите и уписниците во електронска форма. Станува многу актуелно и прашањето за чување на архивата, односно онаа документација која треба да се чува подолго време или трајно, а сега е во печатена форма. Ова се само некои прашања за кои ќе треба да се согледаат искуствата на земјите членки на Унијата на Латинскиот нотаријат и откако ќе се добијат сознанијата, постапно да се прифатат и преточат во норми во нашиот Закон за нотаријатот, притоа строго водејќи сметка да не се нарушат концептот и начелата на слободниот латински нотаријат, да се зачува правната сигурност и од тоа да имаат корист граѓаните и правните субјекти на Република Македонија  и пошироко.

Исто така, во Законот за нотаријатот би требало да се вградат одредби за некои други решенија кои се резултат на досегашното 16-годишно работење на нотарите, како и стекнатите искуства од работењето на нотарите во другите држави.

Ви благодарам за вниманието.
Скопје, 17.10.2014 г.

# УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА НОТАРИЈАТОТ ВО ФРАНЦУСКОТО ПРАВО

**д-р Дејан Мицковиќ***
**д-р Ангел Ристов****

Во Франција нотарската професија има долготрајна традиција. На целата територија на Франција нотарската служба ја извршуваат повеќе од 7.500 нотари со 40.000 помошници. Нотарот претставува јавен службеник кој е одговорен за примање на сите правни акти и договори за кои договорните страни сакаат да стават печат за нивната автентичност, за да се осигура датумот на нивното склучување, за да може истите да се чуваат и да се обезбедат веродостојни копии од нив.

Нотаријатот, односно работата на нотарската служба, во Франција е под надлежност на Министерството за правда. Нотарите се именуваат со декрет од страна на министерот за правда. Канцеларијата на нотарот географски е лоцирана во областа во која тој живее.

Правните акти и дела кои нотарот ги изготвува имаат доказна и обврзувачка сила. Нотарот ги советува и информира граѓаните и правните лица за прашања кои се однесуваат од сферата на приватното, семејното, трговското, финансовото, компаниското и управното право. Така, на пример, мошне значајна е улогата на нотарот во однос на приватното право, со оглед дека тој подготвува акти кои се однесуваат на имотните односи помеѓу брачните партнери, како што се брачните договори, подароците помеѓу брачните партнери, тестаментите, распределувањето на наследството и др.

Нотарот ужива монопол и има исклучива надлежност по однос на прашањата кои се однесуваат на купопродажба на недвижности, размена, сосопственост, земјишни парцели, договори за закуп, хипотеки и сл. Исто така, нотарот може да основа компании, да организира продажба на бизниси, да подготвува договори за комерцијален закуп и договори за закуп на рурално земјиште.

Во рамките на своите надлежности нотарот помага и во определувањето на процената на вредноста на имотот, но исто така и во изнаоѓањето спогодбено решение за несогласувањето помеѓу приватните лица. Тој се јавува во улога на непристрасен арбитер при склучувањето договори, но истовремено тој има функција на советник на граѓаните, фирмите и другите организации. Во француското право нотарот е тој кој гарантира за моралноста и полноважноста на договорите. Тој е ди-

* редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
** доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

ректно одговорен за делата кои ги прима, како и за паричните суми кои му се доверени. Комората на нотарите во Франција гарантира за своите услуги како единствена професија која е надлежна за наведените работи.

На барање на странката, нотарот е должен да ја информира странката за таксата на професијата и неговите услуги чија вредност е регулирана со декрет. Тој мора на странката да ѝ достави сметка за трошоците поврзани со актите и делата кои ги изготвил.

Странката треба да ги обезбеди сите потребни информации, докази и документи за да може нотарот да ги изготви потребните акти и дела. По завршувањето на трансакцијата, нотарот има обврска во име на странката да ги плати даноците пред надлежните органи. Работите кои ги презема нотарот за странките се предмет на службена тајна во апсолутна смисла на зборот и ниту една личност не може да го ослободи од неа. Нотарот има обврска да ги информира странките за обемот на обврските коишто ги преземаат, како и во однос на изборот на правната форма која е најсоодветна, со цел да се елиминираат сите понатамошни правни или фискални проблеми.

Во Франција нотарот има исклучително значајна улога во процесот на купупродажбата на недвижности. Во таа смисла, голем број граѓани кога одлучуваат за купопродажба на недвижен имот тоа го прават преку нотарот. Тој има важна улога во секоја фаза од процесот на купување. Неговата интервенција не е задолжителна само за првата фаза, туку таа е обврзувачка и во подоцнежните фази, затоа што нотарот има монопол во подготовката, потпишувањето и извршувањето на конечниот правен акт (Acte Authentique).

Во Франција, меѓу другото, нотарот претставува и многу добар извор на информации во случај кога се бара купопродажба на недвижен имот. Во минатото, единствено нотарот беше надлежен и одговорен за продажбата на недвижностите. Денес, и покрај тоа што постојат голем број специјализирани агенции за недвижности, особено во поголемите градови, повеќето од продажбите сè уште се остваруваат преку нотарите.

Кои се причините поради кои француските граѓани се одлучуваат купопродажбата на недвижности да ја реализираат со помош на нотарските канцеларии? Првата причина е дека заинтересираните купувачи ќе бидат директно во контакт со нотарот кој мора да биде вклучен во процесот на продажба. Во таа насока, се истакнува дека нотарот соодветно ќе ги знае намерите и желбите на купувачот, поради што подобро ќе се грижи за неговите интереси. Втората важна причина е тоа што нотарот многу добро ја познава областа каде се наоѓа имотот, го познава поголемиот дел од сопствениците на недвижностите, како и

статусот на недвижноста. Затоа нотарот е во можност да ги информира заинтересираните купувачи за сите аспекти кои се поврзани со уживањето на сопственоста на недвижноста, како и нејзините можни ограничувања за во иднина (урбанистички планови, изградба на објекти од јавен интерес и др.). Во случај ова да не му биде познато, тој може да побара информации од надлежните државни органи. Нотарот е во можност на најдобар начин да ги извести и советува купувачите и во случај кога недвижноста е сè уште во изградба. Таксите за учеството на нотарот во преговорите за купопродажба на недвижности се фиксно утврдени, во зависност од вредноста на недвижниот имот. Тие се движат од 5 % од набавната цена, до 45.735 евра и до 2,5 % над 45.735 евра. Висината на ДДВ за продажбата на недвижноста изнесува 18,6 %. На овие цени треба да се додадат и трошоците на нотарот за изготвувањето на нотарскиот акт. Тие се разликуваат од 8 до 12 %.

Нотарот во Франција има исклучива надлежност во подготвувањето на конечниот акт за отуѓување, поради што има обврска да ги направи сите проверки во врска со правниот статус на недвижноста. Тој задолжително проверува дали договорните страни се способни да ја отуѓат, односно да ја стекнат недвижноста. Покрај ова, тој е одговорен да утврди дали постојат одредени службености или друг вид ограничувања на недвижноста коишто можат да ја намалат нејзината вредност или да го усложнат нејзиното користење и уживање.

Нотарот, исто така, е должен да провери дали недвижноста е оптоварена со хипотека или друг вид товар. Ако утврди дека постојат такви ограничувања, тој е должен да направи сè што е неопходно тие да бидат подмирени и отстранети од недвижноста. Нотарот е должен и да ја провери положбата на недвижноста во однос на планирањето и евентуалната можност со тоа да се намали вредноста на имотот. Тој ќе провери дали сите права на првенствено купување се доспеани и отстранети. Нотарот нема да може да ја изврши продажбата сè додека од локалните власти не ги добие сите потребни информации поврзани со земјиштето. Во случај кога ќе се утврди постоење хипотека, нотарот е должен да стапи во контакт со хипотекарниот доверител или банката во чија полза таа била востановена.

Нотарот е должен да го прочита целосно актот пред продавачот и купувачот и по нивни упатства да ги направи соодветните измени и дополнувања. Трошоците поврзани со продажбата нотарот ги наплаќа од купувачот, по што ѝ наложува на агенцијата за недвижности да го предаде клучот од недвижноста на купувачот или друго овластено лице.

По составувањето на актот, нотарот е одговорен да го регистрира нотарскиот акт во Земјишниот регистар. Тој ќе го задржи оригиналниот

акт за себе, додека копијата од основот кој е регистриран во земјишниот регистар, со кој се докажува сопственоста на имотот, ќе му ја достави на купувачот. Завршувањето на оваа процедура трае околу два месеца по потпишувањето на актот. Сè до овој момент, купувачот може да побара копија од актот.

Изборот на нотар од страна на странките во Франција е слободен. Не постојат никакви ограничувања по однос на територијалната надлежност. Сепак, препорачливо е странките да изберат нотар кој е непосредно во близина на недвижноста која се купува.

Нотарските акти можат да бидат составени само од еден нотар, освен во следниве случаи:

1. Тестаментите подлежат на посебни правила предвидени во Граѓанскиот законик;

2. Актите со кои се поништува тестаментот мора да бидат составени од страна на двајца нотари или од еден нотар, во присуство на двајца сведоци;

3. Актите кои странките или едната странка не знаат или не можат да ги потпишат треба да бидат потпишани од втор нотар или од двајца сведоци.

Нотарот може да овласти еден или повеќе од своите службеници да ги читаат актите или законите и да ги примаат потписите на странките. Во моментот кога нотарот ќе ги потпише овие акти, тие имаат карактер на автентични акти во согласност со членот 1317 на Граѓанскиот законик. Ова овластување не може да се даде за акти за кои е потребно присуство на двајца нотари или еден нотар и двајца сведоци. Овластувањето се врши под надзор и со одговорност на нотарот.

Доколку тоа го бара една странка, нотарот мора лично да присуствува на сите формалности. Определувањето на вториот нотар кој треба да присуствува при составувањето определен акт го врши претседателот на Нотарската комора.

Сите нотарски акти имаат правно дејство и се извршуваат на територијата на Франција. Доколку постои приговор за поголем пропуст при составувањето на нотарскиот акт, извршувањето на актот може да биде суспендирано со одлука на судскиот совет. Во случај на случајно запишување погрешен факт во нотарскиот акт, судот може, во зависност од околностите на случајот, привремено да го суспендира извршувањето на актот.

Нотарот нема право, без одобрение на претседателот на второстепениот суд, да даде информација за постоење на нотарскиот акт, освен на лицата кои за тоа имаат правен интерес или на нивните наследници. Во спротивно, нотарот ќе се казни со парична казна, а во случај на повторување на делото, може да се суспендира во рок од три месеци.

Рокот во кој нотарите треба да ги чуваат сите акти и други документи пред да ги предадат во архива што припаѓа на Архивот на Франција изнесува пет години, а овој рок може да биде скратен или продолжен во договор со Архивата на Франција. Нотарите не смеат да примаат акти во кои се странки нивните роднини во права линија или во странична линија до трет степен на сродство, или акти кои содржат некоја одредба во нивна полза.

Двајца нотари кои се во степен на сродство предвидено со претходниот член не смеат да составуваат акт за кој е потребно присуство на двајца нотари. Роднините на нотарот или на странките кои имаат степен на сродство предвидено во претходниот член, не смеат да се јават како сведоци при составувањето на нотарскиот акт.

Сведокот на составувањето на нотарскиот акт мора да биде полнолетно и деловно способно лице. Брачни другари не смеат да се јават истовремено како сведоци на составувањето на нотарскиот акт. Идентитетот и живеалиштето на сведоците се докажува со приложување документи издадени од надлежен орган. По исклучок, нотарот може да го утврди идентитетот со помош на двајца сведоци на идентитетот.

Секој акт што го составува нотарот треба да го содржи името и седиштето на нотарот, името и живеалиштето на сведоците, местото каде се составува актот и датумот кога се потпишува актот. Тој треба да го содржи името, презимето и живеалиштето на странките и на сите потписници на актот. Во актот треба да стои информација дека странките го прочитале или дека тој им е прочитан на странките. Секој нотар мора да има посебен печат, кој го содржи неговото име и седиште. Сумите во нотарските акти се означуваат и со букви. Датумот кога актот е потпишан од нотарот мора да биде означен и со букви. Кратенките се дозволени само доколку се однесуваат на збор или термин кој барем еднаш се споменува во актот. Нотарскиот акт треба да биде напишан на читлив начин. Актот се потпишува од странките, сведоците и нотарот. Доколку потписите се даваат во присуство на овластен службеник, тој треба да е потпишан од него и во актот да стои неговиот идентитет и овластувањето што го добил од нотарот. Кога странките не знаат или не можат да се потпишат, тоа треба да биде споменато во нотарскиот акт. Доколку актот има повеќе страници, секоја страница мора да биде нумерирана и бројот на страниците треба да биде означен на крајот на актот. Не смее да има додавања во актот и тие се ништовни. Додатоците може да се стават на маргините на страницата, на крајот на страницата или на крајот на нотарскиот акт. Покрај нив, мора да стои потписот на нотарот и на другите потписници на актот. Секоја страница на нотарскиот акт мора да е парафирана од страна на нотарот и на потписниците на актот. Оние страници кои не се парафирани се ништовни.

## УЛОГАТА НА НОТАРОТ ВО НАСЛЕДУВАЊЕТО

Улогата на нотарот во сферата на наследувањето во францускоto право е од големо значење и започнува од моментот на отворањето на наследството. За разлика од други законодавства, во Франција учеството на нотарот во постапката за распределување оставина е задолжителна во случај кога оставината се состои од недвижности или во случај кога постои тестамент. Во наследноправните односи нотарот се јавува како специјалист од практиката кој е единствено надлежен во вршењето одредени дејствија, како што се составувањето нотарски акти (на пр. изјава за прифаќање на наследството и сл.), распределување на оставината, вршење попис на оставината и др.

Во случај кога оставината на умрениот нема недвижности, туку се состои само од подвижни ствари, наследниците можат самите да се договорат за распределбата на оставината, но се препорачува консултација со нотарот во врска со процената, ликвидацијата и распределбата на имотот. Учеството на нотарот во оставинската постапка во Франција има за цел да ја олесни распредлбата на оставината со тоа што ќе ги ослободи потенцијалните наследници, админитративните и финансиските процедури.

Во оставинската постапка нотарот ги има следниве надлежности:

• Да ги пронајде сите наследниците на оставителот;

• Да им објасни на сите наследници кои се нивните права и обврски што произлегуваат од оставината;

• Да состави нотарски акт во кој ќе ги определи наследниците и нивните наследни делови (решение за распределување на оставината);

• Да ги извести сите административни органи (социјално осигурување, пензиско осигурување, осигурителни компаниии), како и сите банкарски институции за оставинската постапка;

• Да утврди дали умрениот оставил тестамент;

• Да ги обезбеди сите документи коишто се неопходни за расправање на оставината, како што се изводи од матична книга на умрените, на венчаните, на родените, да утврди дали помеѓу брачните партнери биле склучени договори за подарок, да обезбеди сите документи од кои се утврдува активата на оставината (приходи, побарувања по разни основи, животно осигурување, пензии и др.), како и пасивата (даноци, трошоци за погреб, кирија, сметките за вода, струја, заеми или обврзници);

• Врши попис попис на сите средства од кои се состои оставината;

• Доколку е потребно, ангажира проценител за утврдување на вредноста на оставината;

- Донесува декларација (решение) за распределување на оставината;
- Ја ликвидира и ја врши поделбата на оставината.

Нотарите во рамките на наследување во Франција се надлежни за составување на: 1) договор за наследување; 2) тестамент; 3) договор за дар; и 4) брачен договор. Во францускoто право, улогата на нотарот особено е изразена при составувањето автентичниот, односно нотарскиот тестамент кој е израз на последната волја на завештателот кој го составува нотарот. Завештателот ја диктира својата последна изјава на волја пред нотар во присуство на двајца сведоци или пред нотарот во присуство на уште еден нотар.

Овој вид тестамент има повеќе предности. Основната предност на овој вид тестамент е фактот што се составува пред нотар, со што се обезбедува многу голема сигурност дека полноважноста на овој тестамент нема да биде оспорена од страна на трети лица, а последната волја на завештателот ќе биде реализирана.

Предноста на нотарскиот тестамент се состои во тоа што не постои ризик за губење или исчезнување поради тоа што нотарот презема одговорност за неговото чување. Исто така предност на овој тестемент е тоа што неговото постоење и содржината остануваат во тајност сè до моментот на смртта на оставителот, кога нотарот е должен да ги извести наследниците за постоењето на тестаментот. Покрај ова, нотарот е должен да испрати известување дека е составен тестамент од страна на завештателот до Централниот регистар на тестаментите, кој е поврзан со другите вакви регистри коишто се водат во другите европски земји. Притоа, нотарот не го доставува тестаментот, ниту пак дава информации за неговата содржина, туку известува за постоењето тестамент од страна на завештателот. Упис на постоењето на тестаментот во Централниот регистар на тестаментите е уште една дополнителна гаранција дека последната волја на завештателот изразена во тестаментот ќе биде испочитувана. На крајот, формалностите за извршување на овој вид тестамент се поедноставни бидејќи му овозможуваат на легатарот веднаш по смртта на завештателот да ги преземе стварите или правата што се предмет на легатот, без да има потреба за тоа да се води постапка пред судот.

## БРАЧНИОТ ПАР И СОПСТВЕНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ВО ФРАНЦУСКОТО ПРАВО

Сопственоста на парот којшто се занимава со земјоделство, трговија или со занаетчиство се состои во основа од претпријатието кое го имаат основано. Правната природа на средствата на имотот којшто е создаден

или стекнат во текот на заедницата зависи од прифатениот брачен режим. Во Франција уредувањето на имотните односи е оставено на слободната волја на брачните партнери. Доколку брачните партнери не склучиле брачен договор, се применува законскиот имотен режим. Според овој режим, постои заеднички имот, кој брачните партнери го стекнале за време на бракот, а постои и посебен имот, во кој влегува имотот што секој од партнерите го имал во моментот на склучување на бракот, како и имотот стекнат во текот на бракот врз основа на наследство или подарок. Освен овој законски имотен режим, постојат и неколку видови договорни имотни режими, предвидени во законот, но брачните партнери можат да се договорат и за сопствен имотен режим, кој најдобро одговара на нивните конкретни потреби.

Во француското право статусот на претпријатието кое е во сопственост на брачните или вонбрачните партнери зависи од брачниот имотен режим. Во законскиот имотен брачен режим влегуваат стварите коишто се стекнати во текот на бракот, како и приходите кои се остварени во текот на заедницата. Овој заеднички имот се дели на половина помеѓу партнерите. Претпријатието стакнато во текот на заедницата влегува во рамките на заедничкиот имот. Спротивно на ова, претпријатието создадено или стекнато пред бракот, претставува посебен имот. Во случај кога едниот партнер не може да докаже дека претпријатието претставува негов посебен имот, постои законска претпоставка дека тој претставува заеднички имот. Постојат два суштински проблема при определувањето дали претпријатието претставува посебен или заеднички имот. Првиот се однесува на датумот на создавањето или стекнувањето на претпријатието, а вториот се однесува на зголемувањето на вредноста на претпријатието. Оттука од круцијално значење е утврдувањето на моментот на основањето на претпријатието, како и моментот на засновувањето на заедницата. По однос на ова прашање, ставот на судската пракса е дека претпријатието влегува во рамките на посебниот имот ако неговата работа почнала пред склучувањето на бракот.

Доколку претпријатието е стекнато пред бракот или е добиено по основ на подарок или наследство во текот на бракот, се смета дека претставува посебен имот. И во случај кога во основањето на претпријатието се користени средства од посебниот имот на брачните партнери, претпријатието претставува посебен имот. Доколку претпријатието е стекнато за времетраење на бракот, тогаш се смета дека претставува заедничка сопственост на брачните партнери.

Следното значајно прашање се однесува на проблемот дали зголемената вредноста на препријатието влегува во режимот на посебниот или во режимот на заедничкиот имот на брачните партнери. Отвора-

њето нова дејност на претпријатието, но која не е насочена кон нови клиенти и потрошувачи, не влегува во режимот на посебен имот. Стекнатиот имот претставува прирасток на постојното претпријатие. Во случај да се отвори нова дејност којашто е насочена кон нови клиенти, стекнатиот приход влегува во рамките на посебниот имот.

Во француското право секој движен или недвижен имот стекнат во текот на заедницата се смета дека е заеднички, освен доколку не се докаже дека тој влегува во посебниот имот на брачните партнери.

Мошне важно прашање е да се направи разграничување помеѓу запишувањето во трговскиот регистар од страна само на едниот партнер од сопственоста на претпријатието. Имено, запишувањето на претпријатието во регистарот на трговските друштва само на еден од брачните партнери не подразбира дека тоа претставува негов посебен имот. Причина за ова е фактот што со законските измени од 2006 година, брачните партнери коишто имааат заедничко претпријатие немаат обврска да го декларираат нивниот брачен режим при регистрирањето на претпријатието. Основната функција на запишувањето на заедничкото претпријатие во регистрите е да се утврди идентитетот на основачот, а не на статусот на сопственоста на претпријатието. Според тоа, запишувањето на едниот партнер во регистарот не претставува доказ дека е само тој сопственик на претпријатието. Ваквата концепција е прифатена по аналогија на запишувањето на правата на недвижностите од земјишните книги. Оваа концепција францускиот нотаријат ја применува повеќе од 50 години.

## МЕСТОТО НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ВО ДОГОВОРНИОТ РЕЖИМ

Во договорниот брачен имотен режим, принципот на слободна диспозиција кај брачните договори им овозможува на идните брачни партнери да прифатат: 1) законски имотен брачен режим; 2) режим на поделен имот; и 3) режим на учество во стекнатиот имот.

Во рамките на законскиот имотен режим, брачните партнери имаат повеќе можности за договарање. Прво, доколку едниот партнер не учествува во работата на претпријатието, брачните партнери можат да се договорат претпријатието да влезе во посебниот имот на брачниот партнер којшто е претприемач врз основа на договорната клаузула. И покрај тоа што одредени движни и недвижни ствари влегуваат во посебниот имот, приходите од нив влегуваат во заедничкиот имот. Но, брачните партнери можат да се договорат и поинаку.

Во режимот на поделен имот секој брачен партнер го задржува правото на управување, користење и располагање со својот посебен имот. Доказот за сопственоста на претпријатието лесно се обезбедува при

стекнувањето на претпријатието. Својството на сопственик му се признава на брачниот партнер кој го потпишал актот за негово стекнување. Ова претставува несоборлива претпоставка, како помеѓу партнерите, така и помеѓу третите лица.

Третиот режим е еден од најмалку застапените брачни имотни режими во практиката. Во текот на бракот овој режим функционира како режим на поделба на стварите обезбедувајќи им на брачните партнери целосна автономија. Во случај на престанок на бракот, тој на парот му обезбедува порамномерно распределување на имотот, овозможувајќи му на секој од брачните парнтери да се здобие со дел од средствата на другиот брачен партнер.

## НАСЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ВО ФРАНЦУСКОТО ПРАВО

Договорните техники со коишто се регулира прашањето за пренесување на сопственоста врз претпријатието се поврзуваат само со еден настан, а тоа е смртта на претприемачот и се однесуваат само на едно добро, а тоа е претпријатието. Согласно членот 1515 од Code civil, во брачниот договор може да биде предвидено дека надживеаниот брачен партнер може да земе од имотот пред каква било поделба било одредена сума пари, било одредени ствари или одредена количина на определен вид ствари. Врз основа одредбите од членот 1556 од Code civil, ова одвојување од имотот (preciput) – имотна корист, не се смета за подарок, туку се смета за договорна одредба помеѓу партнерите во рамките на брачниот договор.

Оваа можност предвидена во Граѓанскиот закон најдобро одговара на потребата за пренесување на претпријатието на надживеаниот брачен партнер. Одвојувањето на делот од имотот (претпријатието) што може да се предвиди во брачниот договор е неотповикливо, за разлика од тестаменталните одредби предвидени во тестаментот. Клаузулата за одвојување содржана во брачниот договор му дава можност на надживеаниот брачен другар да бара одвојување на претпријатието од заедничкиот имот. Ваквата можност обезбедува повеќе предности за надживеаниот брачен партнер во однос на стекнување сопственост врз претпријатието. Прво, надживеаниот брачен партнер го одвојува претпријатието од имотот без да има потреба да поведе судска постапка за истото. Второ, одвојувањето на претпријатието од останатиот имот од страна на надживеаниот брачен партнер се врши надвор од оставинската постапка. Со тоа во француското право надживеаниот брачен партнер врши кумулација на правата од брачниот договор со неговите наследни права. Одвојувањето се врши без надомест.

Клаузулата за одвојување (preciput) мора да биде прецизно определена во дефинирањето на предметот на одвојување. Оваа клаузула може да се однесува само на добрата (имотот) поврзани со вршењето професионална дејност или на сите средства (фондови) на трговска, занаетчиска, земјоделска или друга дејност кои се користени од брачните партнери во текот на бракот. Освен тоа, во случај на смрт на едниот партнер, наджевеаниот брачен партнер има право да го задржи правото на закуп на дуќаните или другите видови недвижности во кои се вршела професионалната активност на брачните партнери.

Доколку брачните партнери имаат деца, претприемачот има можност да обезбеди неговиот брачен партнер во случај на негова смрт да стекне сопственост врз претпријатието, но истовремено да нема право да го отуѓува. Основната цел на оваа можност е да се задржи и да се зачува претпријатието во рамките на семејството. Во таков случај, поради забраната за отуѓување, претпријатието ќе им биде пренесено на децата по смртта на нивниот втор родител, наджевеаниот брачен партнер.

Правата на партнерите да се стекнат сопственост врз претпријатието можат да бидат загрозени доколку на наследството конкурираат со децата. Поради тоа, завештателот со тестамент може да определи пренесување на сопственоста на претпријатието на неговиот брачен партнер. Претприемачот може во својот тестамент да остави легат со кој определува претпријатието да му припадне во сопственост на неговиот брачен или вонбрачен партнер.

Со донесувањето на Законот од 23 јуни 2006 година, му се дава можност на завештателот да го определи начинот на поделба на неговиот имот помеѓу неговиот брачен партнер и децата и можност претпријатието да му припадне на неговиот брачен партнер. Станува збор за посебен вид тестамент (testament partage) со кој се определува моделот на поделба на имотот помеѓу сонаследниците. Доколку со ваквата поделба на оставината се повредува правото на нужен дел на потомците на оставителот, важноста на овој вид тестамент не е доведена во прашање, туку наджевеаниот брачен партнер треба на децата да им надомести одредена сума пари со која ќе го обезбеди нивниот нужен дел.

Пренесувањето на правото на сопственост врз претпријатието може да се изврши и со подарок помеѓу брачните партнери. Оваа можност е предвидена само за брачните партнери и таа се однесува и на идните добра.

Врз основа на договорната техника – подарок со одреден рок, едниот брачен партнер го задржува користењето со подарокот сè до рокот предвиден во договорот, а тоа е најчесто моментот на неговата смрт. За разлика од претходниот договор за подарок кој се однесува само на

брачните партнери, овој договор може да биде склучен и помеѓу вонбрачните партнери, но може да се однесува само на постојни добра.

## УЛОГАТА НА НОТАРИЈАТОТ ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО DE LEGE FERENDA

Од основањето на нотаријатот во Република Македонија до денес, поминаа повеќе од 15 години. За овој релативно краток период нотаријатот, како професионална дејност со јавни овластувања, се потврди со својата стручност, професионалност и одговорност во својата работа. Од овие причини од неодамна значајно беа проширени надлежностите на нотаријатот во сферата на наследувањето, што претставува важен исчекор во современувањето на нашето право со решенијата кои со децени се прифатени и функционираат во европските држави.

Со оглед дека е во тек најголемата реформа на граѓанското право во Република Македонија со изготвувањето на Граѓанскиот законик, Комисијата за семејно и наследно право во реформите на семејното и наследното законодавство предвидува значително проширување на надлежностите на нотаријатот. Во реформата на наследното право се предвидува воведување на договорот за наследување за чие склучување ќе бидат надлежни нотарите, уредувањето на нотарскиот тестамент во неговите два вида - по кажување на завештателот и тајниот тестамент, воведувањето на регистарот на тестаментите за чие водење ќе биде надлежна Нотарската комора на Република Македонија. Овие решенија, меѓу другото, се прифатени и во француското право. Понатаму, во насока на дополнително растоварување на судовите се предвидува исклучива надлежност на нотарите за составување и заверка на наследноправните договори. Овие реформи се од интерес на граѓаните на Република Македонија со цел нивно полесно остварување на наследните права и обезбедување повисок степен на автономија на волјата и правна сигурност.

Уште позначајна новина во македонското законодавство е стекнувањето надлежности на нотаријатот во сферата на семејните односи. Во таа насока, по примерот на француското право и на голем број други законодавства, се предлага воведувањето на брачниот договор, за чие склучување ќе бидат надлежни нотарите. Со правното регулирање на брачниот договор се очекува брачните пратнери да се стекнат со поголеми можности за избор и слобода во уредувањето на брачните имотни односи, како и последиците од престанокот на бракот. Ваквата реформа ќе биде и во интерес на доверителите со што би се постигнала поголема правна сигурност во овие односи, кои сегашното искуство покажува дека често се злоупотребуваат.

За составувањето и заверувањето на изјавата за засновање вонбрачна заедница исто така ќе бидат надлежни нотарите. Со оглед дека во уставните амандмани се предлага воведување нов концепт на регистрирана вонбрачна заедница, очекувано би било регистарот на вонбрачните заедници да се води од страна на нотаријатот.

Улогата на нотарите ќе биде значајна и во постапката за развод на брак. Во таа смисла се предлага во случај брачните партнери да немаат заеднички деца, бракот со заемна согласност да го разведе нотарот. Со тоа би се растовариле судовите од неспорни предмети, а тоа би било и побезболно решение и за брачните партнери, доколку постигнат согласност за поделбата на имотот.

Од анализата на францускотo право може да се заклучи дека во однос на правното уредување на брачните имотни односи, нашето семејно законодавство многу заостанува и содржи несоодветни и застарени решенија. Ова констатација се однесува како за уредувањето на посебниот и заедничкиот имот, така и во однос на можноста брачните партнери самите договорно да си ги уредат по своја волја имотните односи или пак да изберат еден од законските модели на брачни имотни режими. Во таа смисла, нашето законодавство треба да претрпи значајни промени во поглед на прецизното уредување на брачните имотни односи во поглед на посебниот и заедничкиот имот, дотолку повеќе што во нашето законодавство не е уреден правниот статус на претпријатието и неговиот имот којшто е стекнат за време на брак или пак пред стапувањето во брак. Во францускотo право правниот режим на претпријатието е подробно уреден. Во таа смисла, решенијата од францускотo право можат да послужат како добар пример којшто треба да се примени и прифати во нашето законодавство.

# Глава II

# СТРУЧНИ ТЕМИ

# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖНИЦА ОД АСПЕКТ НА НОТАРСКОТО РАБОТЕЊЕ

**нотар Марјан Коцевски**

## I - ВОВЕД

Во рамките на спроведување антикризни мерки, а заради изнаоѓање брз и ефикасен инструмент за обезбедување на паричните побарувањата помеѓу деловните субјекти, кој би требало да придонесе за намалување на пристигнатите неплатени обврски, подобрување на ликвидноста на стопанството, законодавниот дом на РМ го донесе Законот за задолжница[1] (Сл. весник на РМ бр. 59/2012), кој започна да се применува од 1 септември 2012 година, а со кој во правниот систем на Република Македонија се воведе **„задолжница“**, како нов инструмент за обезбедување наплатата во должничко-доверителските односи помеѓу деловните субјекти.

Две години подоцна, на предлог на Владата на РМ, е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница[2].

Во продолжение на овој текст, авторот ќе се обиде да ги разработи најбитните аспекти при издавањето и реализацијата на задолжницата, одредени правни недоречености и нејаснотии во законот, досегашните практични искуства од примената на Законот за задолжница и анализа на одредбите содржани во Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница.

## II - ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА, ПРАВНА ПРИРОДА И НАДЛЕЖНОСТИ

### - Правна рамка

Задолжницата како правен инструмент за обезбедување на паричните побарувања помеѓу правните субјекти се воведе со донесување на Законот за задолжница (во понатамошниот текст ќе се користи како ЗЗ) и веќе е дел од правниот систем на РМ. Но, за негово правилно користење, мора да се имаат предвид и други закони кои имаат допирни

[1] Законот за задолжница е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 59 од 11.05.2012 година. Истиот влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а започна да се применува од 1 септември 2012 година.

[2] Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница е објавен во „Сл. весник на РМ“ бр. 12 од 22.01.2014 година. Истиот влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2015 година.

точки со задолжницата, а особено Законот за нотаријатот, Законот за едношалтерскиот систем и за водење на Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, Законот за платниот промет, Законот за извршување, Законот за стечај и др.

Институтот задолжницата во правните системи не е непозната категорија. Во нашето опкружување, задолжницата (**анг. indebtedness, хрв. zadužnica**) има подолга традиција и активно користење во хрватското законодавство[3], каде претставува еден од главните инструменти за обезбедување и наплата на паричните побарувања. Многу веројатно е дека оваа „успешна приказна“ од соседството беше инцијална каписла овој инструмент да се воведе и кај нас. Но, и покрај тоа што овие инструмети имаат ист назив – задолжница, по својата правна природа доста се разликуваат, за што ќе зборуваме малку подолу во овој текст.

### - Правна природа на задолжницата

Во член 2 од ЗЗ, задолжницата се дефинира како **приватна исправа потврдена од нотар, со која должникот дава согласност побарувањето на доверителот назначено во задолжницата присилно да се наплати од сите расположливи средства на должникот кај носителите на платниот промет.**

Поаѓајќи од оваа дефиниција, а имајќи ги предвид и другите одредби од законот, во корелација со Законот за облигационите односи и Законот за хартии од вредност, ќе се обидам да дадам свое видување за правната природа на задолжницата, за кое во понатамошниот текст од законот треба да ја бараме правната природа на задолжницата и одговорот на прашањето за кое веќе се разви поширока дебата.

Во суштина, основна дилема која се поставува во врска со овој институт е дали истиот претставува хартија од вредност или двострано облигационо правно дело. Според мое уверување, македонскиот концепт за задолжница содржан во ЗЗ не ѝ дава карактер на хартија од вредност, туку се работи за **акцесорно правно дело**, за чие издавање е потребна согласнот од двете страни и чие пренесување законски е забрането. Неколку карактеристики ја прават задолжницата неподобна да претставува хартија од вредност, а посебно:

- не е апстрактна, туку се издава како обезбедување на паричното побарување кое произлегува од конкретен правен однос;
- не е издадена од едно лице, туку за нејзино издавање нужно е да ја потпишат и доверителот и должникот;

[3] Во хрватското извршно процесно право (Ovršni zakon), во 1999 година со измените и дополнувањата на хрватскиот Ovršni zakon (NN, br. 107/99), е предвидена задолжница како неноминирана исправа – исправа за согласнот за заплена, а со новините на овој закон од 2005 година (NN, br. 88/05), таа изрично се именува како задолжница (хрв. zadužnica).

- не е пренослива, туку законот изрично забранува нејзино пренесување.

За разлика од нашиот концепт за задолжница, хрватскиот концепт за задолжница оди во прилог на ставот истата да се третира како хартија од вредност. Имено, во хрватското законодавсто е овозможено да се издава и бланко-задолжница (хрв. bjanko zadužnica), која кореспондира со бланко-меницата, при нејзиното издавање не е потребно да се знае ниту висината, ниту основот, ниту рокот на доспеаност, туку е доволен само потписот на должникот, што несомнено укажува дека истата ги исполнува елементите да претставува хартија од вредност.

Само накратко ќе се осврнам и на прашањето дали задолжницата претставува веродостојна исправа. Бидејќи задолжницата е јавна исправа, таа несомнено ги исполнува условите да претставува веродостојна исправа, согласно член 16–в став (2) од Законот за извршување[4] (за разлика од договорот - правен основ за издавање на задолжницата, кој доколку не е заверен во согласност со закон, не е веродостојна исправа), но очигледно доверителот нема интерес да ја користи како таква, бидејќи истата веќе е извршна исправа, па може да бара преку овластен извршител директна присилна наплата на побарувањето.

### - Надлежност за постапување на овластените субјекти по Законот за задолжница

Во врска со надлежностите за постапување, предвидени за субјектите овластени со Законот за задолжница (нотар, Централен регистар, извршител), а со оглед на тоа што во самиот закон не е утврден посебен вид на надлежност за овие субјекти, може да се заклучи дека **надлежен нотар за составување и потврдување задолжница е секој нотар именуван на територијата на Република Македонија**, без оглед на подрачјето за кое е именуван. Аналогно на надлежноста на нотарот, во поглед на задолжницата, без ограничувања за цела територија на Република Македонија, надлежен орган за запишување, евидентирање, прием, обработка, регенерирање, чување и размена на податоци и документи во електронска форма е Централниот регистар на РМ заедно со своите подрачни одделенија основани на територија на РМ, а преку системот за водење на Регистарот на задолжниците.

Во однос на надлежноста на извршителите, предвидена за постапување по задолжницата како извршна исправа, се применуваат одредбите од Законот за извршување.

[4] Законот за извршување е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 35 од 18.05.2005 година. Измени и дополнувања на законот се објавени во Службен весник на Република Македонија бр. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11.

## III. РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖНИЦИТЕ И ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ, СОСТАВУВАЊЕ И ПОТВРДУВАЊЕ ЗАДОЛЖНИЦА

### - Регистар на задолжниците

Заради евидентирање на задолжниците, во рамките на Централниот регистар на РМ, оформен е посебниот Регистар на задолжниците, кој се води исклучиво во електронска форма, а има карактер на јавна книга, па податоците запишани во него им се достапни на сите заинтересирани субјекти. Во Регистарот на задолжниците сите запишувања, промени и бришење се вршат по електронски пат, како и кај другите јавни книги, податоците кои се запишани во овој регистар се сметаат за вистинити и полноважни, што секако не значи дека не е возможно во определени постапки да се докажува невистинитоста на некој факт, запишан во Регистарот. Но, системот за водење на Регистарот на задолжниците при Централниот регистар на РМ е активен електронски систем, кој во другите регистри при Централниот регистар по елетронски пат врши проверка дали постои некоја пречка содржана во член 3 став (4) од ЗЗ, па доколку се констатира таква пречка (пр. над должникот е покрената стечајна постапка), воопшто нема да дозволи печатење на задолжницата, ниту пак нејзино запишување во Регистарот на задолжниците.

Во Регистарот на задолжниците, согласно Правилникот за начинот на користење и внесување, пријавување, исправка и бришење на податоците во Регистарот на задолжниците[5], донесен од директорот на Централен регистар на РМ, се евидентираат податоци од страна на следните овластени подносители:

- нотари;
- извршители;
- стечајни управници; и
- носители на платниот промет.

Сите пријави за упис, промена, бришење и сл. во Регистарот на задолжниците задолжително треба да бидат електронски потпишани, со валиден квалификуван дигитален сертификат (електронски потпис) на име на подносителот, со што се обезбедува автентичност и неспорна легитимност на подносителот, а со тоа се зголемува правната сигурност во општеството.

Кога станува збор за подносител на пријава од страна на нотар, по правило нотарот кој ја солемнизира задолжницата, тој и ја поднесува пријавата за запишување во Регистарот на задолжниците. **Нотарот кој**

[5] Правилникот за начинот на користење и внесување, пријавување, исправка и бришење на податоците во Регистарот на задолжниците е донесен на 21 мај 2012 година, а започна да се применува од 1 септември 2012 година.

**ја солемнизирал задолжницата, по барање на доверителот, составува изјава за откажување од правата од задолжница, а должен е и да поднесе барање за бришење на задолжницата од Регистарот на задолжниците.** По исклучок, вакво барање може да поднесе и друг нотар различен од нотарот кој ја составил задолжницата, но само во случаите определени во член 99[6] од Законот за нотаријатот.

Во Регистарот на задолжниците се врши евиденција на следните пријави:

- составување задолжница;
- известување за поднесеното барање од доверителот за наплата на побарувањето кај носител на платен промет;
- извршена наплата (делумна или целосна) на побарувањето од носител на платен промет;
- известување од носител на платен промет за повлекување задолжница;
- прием на задолжница кај извршител;
- извршена делумна наплата на побарувањето од извршител;
- преземање задолжница од страна на друг нотар или извршител; и
- бришење задолжница.

При составување на задолжницата, како и при издавање информации од Регистарот, се наплаќа надоместок согласно Тарифата на Централниот регистар. Наплатата на услугите се врши исклучиво по електронски пат, преку Системот со платежна картичка наменета за интернет-трговија, при што подносителот е одговорен за внесување точни податоци за платежната картичка. Бидејќи до Регистарот на задолжниците во најголем дел пристап имаат овластени лица (нотари, извршители и сл.), сметам дека е многу поцелисходно и поедноставно во наредните подобрувања на системот за наплата да се овозможи и плаќање од припејд-сметка на овие корисници (како што е тоа регулирно кај тековните состојби), со што во многу ќе се забрза и олесни пристапот и работата со Регистарот на задолжниците.

### - Форма и содржина на задолжницата

Задолжницата се издава на образец чија форма и потребна содржина ги пропишува министерот за финансии со Правилникот за формата и содржината на задолжницата[7] (Сл. весник на РМ бр. 77/2012). Образецот се состои од два листа, од кои првиот лист е самата задолжница, во

[6] Според член 99 од Законот за нотаријатот, ако нотарот умре, е преместен, привремено или трајно е оддалечен од својата служба, ако му престане службата нотар или ако даде оставка, претседателот на Комората по службена должност, по претходно прибавено мислење од Управниот одбор на Комората, ќе определи нотар кој привремено ќе ја врши службата од соседните нотари или помошници-нотари.

[7] Правилникот за формата и содржината на задолжницата е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 77 од 20.06.2012 година. Истиот стапи во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а започна да се применува од 1 септември 2012 година.

која нотарот преку системот за водење на Регистарот на задолжниците ги внесува потребните податоци утврдени во член 7 од ЗЗ, односно како што вели законот, ја составува задолжницата, потоа истата се печати и им се дава на потпишување на должникот и на доверителот. Иако во уводните одредби од законот законодавецот го дефинира должникот како лице кое ја издава задолжницата, како што може да се види од самиот образец и од законот во целина, задолжницата мора да биде потпишана како од должникот, така и од доверителот.

Основни елементи на задолжницата, согласно ЗЗ се:

1) назив, седиште, единствен матичен број и единствен даночен број на доверителот;

2) назив, седиште, единствен матичен број и единствен даночен број на должникот;

3) основ за издавање;

4) износ на побарувањето;

5) каматна стапка, доколку е договорена, но најмногу во висина на законски дозволената;

6) датум на достасување на задолжницата;

7) краен рок за доставување барање за наплата на задолжницата кај носителот на платниот промет на должникот;

8) назив на носителот на платниот промет кај кој должникот има трансакциска сметка и број на трансакциската сметка на должникот;

9) изјава на должникот дека се согласува износот на побарување означен на задолжницата присилно да се наплати од сите негови сметки кај носителите на платниот промет и од сиот негов движен и недвижен имот;

10) место и датум на издавањето на задолжницата; и

11) потпис на должникот и доверителот.

Вториот дел од задолжницата е наменет за евидентирање на извршените наплати, кое нешто го прави носителот на платен промет кој ја врши наплатата, заклучно со датумот на целосна наплата или пак повлекување на задолжницата, кој факт се забележува по барање на нотарот пред кој е дадена изјавата за повлекување. Се забележуват и сите пријави од извршителот во врска со присилно извршување на задолжницата, а по негово барање или по службена должност, Регистарот врши и бришење на задожницата од Регистарот на задолжниците.

**- Издавање задолжница**

**• субјекти, услови и ограничувања при издавање задолжница**

Согласно член 3 став (3) од ЗЗ, задолжница може да издаваат (што практично значи дека може да биде должник по задолжница) само правни лица, при уредување на нивните должничко-доверителски односи. Државата, како правен субјект во деловните односи, е исклучена од можноста да биде должник по задолжница. Исто така, иако изречно не е кажано, имајќи го предвид пропишаниот формулар за задолжница, каде е неопходно учесниците - доверителот и должникот да бидат регистрирани во Трговскиот регистар при Централниот регистар на РМ, да имат свој единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) и единствен даночен број, практично произлегува дека странски правни лица не можат да бидат субјекти кои учествуваат во издавање задолжница. Воопшто не е јасно зошто странско правно лице не може да биде доверител при издавање задолжница, бидејќи основните постулати на трговското законодавство имаат стриктна намера странските субјекти да не бидат третирани на понеповолен начин од домашните. Ако се има предвид дека задолжницата е едно од средствата за обезбедување на паричните побарувања, би било целисходно да се изврши интервенција во подзаконските акти (бидејќи законот не забранува учество на странски субјекти), со кои ќе се овозможи учество на странски субјекти на страна на доверителот, при издавање задолжница. Учество на странски должници при издавање задолжница правно би било невозможно да се спроведе, од проста причина што извршувањето по закон се врши пред носителите на платен промет во РМ.

Постојат редица ограничувања во поглед на тоа во кои услови не смее да се издаде задолжница. Задолжница не смее да издаде правно лице кое има блокирана сметка, против кое е започната постапка за ликвидација, стечај или бришење, на кое му е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност и кое има неплатен износ по основ на издадени задолжници во износ над 30 % од вкупните приходи остварени во претходната година евидентирани во Регистарот на годишните сметки.

Со оглед на тоа што единствено законско средство за плаќање во Република Македонија е денарот, задолжницата гласи на денари. Имајќи предвид дека Законот за облигационите односи дозволува договарање на плаќања во странска валута, домашните банки можат да се договараат за девизна клаузула, па дури и најголемиот дел од глобите во македонските закони се определени во евра, мислам дека е сосема

неоправдано ограничувањето во законот, побарувањето во задолжницата исклучиво да гласи во денари. Сосема логично би било да може побарувањето да биде изразено во која било валута, а евентуалната реализацијата и исплатата да се вршат во денарска противвредност.

**- Составување и потврдување задолжница**

Во членот 4 од ЗЗ е пропишана постапката за составување и издавање задолжница. Процесот на издавање задолжница е целосно автоматизиран и се одвива преку системот за водење на Регистарот на задолжниците, при Централниот регистар на РМ, кој генерира единствен број на задолжницата. Задолжницата ја составува нотар преку системот за водење на Регистарот на задолжниците што се води во Централниот регистар, на начин што откако претходно авторизирано ќе пристапи кон системот и директно во електронскиот образец ги исполнува бараните податоци.

Системот за водење на Регистарот на задолжниците врши автоматска проверка дали постои некоја од законските пречки за издавање задолжница, содржани во член 4 став (4) од ЗЗ. За таа цел системот за водење на Регистарот на задолжниците нема да овозможи составување и евидентирање на задолжницата доколку:

1) е надминат износот од членот 3 став (5) од овој закон;

2) е блокирана трансакциската сметка на должникот наведена во задолжницата;

3) во Трговскиот регистар кај Централниот регистар има евидентирано податоци за започната постапка за ликвидација, стечај или бришење на должникот;

4) должникот е евидентиран во Регистарот на физичките и правните лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност кај Централниот регистар;

5) должникот е евидентиран во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај Централниот регистар; и

6) има несовпаѓање во податоците за идентификација на должникот.

Доколку не постојат законски пречки да биде издадена задолжницата, нотарот електронски ја потпишува задолжницата, истата се евидентира во Регистарот на задолжниците и на крајот ја печати, по што должникот и доверителот ја потпишуваат печатената задолжница.

Сметам дека е неопходно да се изврши корекција на текстот на Законот за задолжница, бидејќи вака употребената формулација во за-

конот, дека задолжницата ја составува нотарот, за да потоа ја потврди истата– солемнизира, е во директна спротивност со одредбите од Законот за нотаријатот. Според член 4 од Законот за нотаријатот, нотарот може да составува нотарски акти, записници и потврди, а согласно член 45 од истиот закон, ако не е во прашање правна работа за која според овој или друг закон е задолжително постоење нотарски акт, странките можат исправата за правната работа да ја потврдат кај нотарот. Откако нотарот ќе испита дека приватната исправа е во согласност со членовите 26, 27, 28 и 44[8] од Законот за нотаријатот и ако за тоа не најде пречка, истата ќе ја потврди. Значи, нотарот е надлежен само да потврдува - солемнизира приватна исправа, но не и да составува приватна исправа. Напротив, составувањето приватна исправа од страна на нотар е дисциплинска повреда според Законот за нотаријатот за кој е предвидена дисциплинска казна. За да се избегнат какви било противречности помеѓу овие два закона, нужно е Законот за задолжница да претрпи измени, односно да се направи јасна динстинкција во однос на техничкото внесување на податоци во формуларот за задолжница од страна на нотарот. Имено, едно од можните решенија би било самото внесување на податоци да не претставува составување задолжница, бидејќи системот за водење на Регистарот на задолжниците има активна улога, односно врши проверки дали се исполнети сите услови за составување задолжница, па дури потоа истата се креира и е можно нејзино печатење. На ваков начин би можело да се смета дека задолжницата е креирана – составена од системот за водење на Регистарот на задолжниците, а странките ја потпишуваат истата, со што би се избегнала колизијата на Законот за задолжница и Законот за нотаријатот.

Значајна работа на која сакам да укажам во овој текст се однесува на времето на уписот на задолжницата во Регистарот на задолжниците. Имено, онака како што сега функционира електронскиот систем за водење на Регистарот на задолжниците, во моментот кога нотарот ќе ја преземе задолжницата, односно ќе ја отпечати истата, пред да ја потпишат странките и да ја потврди нотарот - солемнизира, истата веќе е запишана во Регистарот на задолжниците како издадена. Согласно член 4 став (3 )од ЗЗ, задолжницата се смета за издадена откако е заверена (читај солемнизирана). Иако Регистарот на задолжниците се води електронски, самата задолжница е печатен документ која странките не ја потпишуваат електронски, туку во печатена форма, откако ќе биде испечатена од страна на нотарот. Самиот отпечатен формулар на задолжницата, со внесени потребни податоци, не значи дека истата е склучена – издадена, па можни се голем број правни и фактички про-

[8] Наведените членови од Законот за нотаријатот се однесуваат на службената должност на нотарот (член 26), задолжително пријавување корупција (член 27), непреземање службени дејствија (член 28) и постапка за составување нотарски акт ( член 44).

блеми при спроведувањето на овој дел од законот. Можно е странките воопшто да не ја потпишат задолжницата од најразлични причини, па аналогно на тоа и нотарот да не може да ја солемнизира, а истата веќе е запишана во Регистарот на задложниците, и уште повеќе, што податоците запишани во јавна книга, а Регистарот на задолжници исто така е јавна книга, важат **erga omnes** и се сметаат за вистинити и точни. Затоа е потребно да се направи корекција на електронскиот систем, на начин што задолжницата ќе биде запишана во Регистарот на задолжниците, по нејзиното потврдување од страна на нотарот.

Откако должникот и доверителот ќе ја потпишат задолжницата, нотарот ја потврдува – солемнизира истата, согласно со Законот за нотаријатот во делот на потврдување приватна исправа (солемнизација). При солемнизација на задолжницата нотарот е должен да внимава на сите околности кои се потребни за да добие една исправа својство на јавна исправа. Бидејќи системот за водење на Регистарот на задолжниците автоматски ги проверува податоците потребни за издавање задолжница, нотарот е должен да утврди дали правните лица се застапувани по закон од овластени лица, како и тоа дали има доказ за постоење на правното дело од кое произлегува парично побарување кое се обезбедува со задолжницата (пр. договор за купопродажба, фактура и сл.). При солемнизација на задолжницата, нотарот ќе им ги објасни на странките правните последици од издавање на задолжницата и ќе се увери во нивната вистинска и сериозна волја за склучување вакво правно дело.

Бидејќи задолжницата има карактер на извршна исправа, при солемнизација на истата, потребно е да се почитуваат одредбите за извршна исправа од Законот за нотаријатот, па солемнизираната задолжница која му се издава на доверителот, ќе ги содржи и сите прилози кон солемнизацијата (најчесто тоа се тековните состојби за учесниците, полномошна, одлуки и договорот или фактура која е правен основ за издавање на задолжницата).

Членот 3 став (1) од ЗЗ вели дека задолжницата се издава во еден примерок, а членот 4 став (2) од ЗЗ предвидува дека по солемнизацијата на задолжницата, истата му се предава на доверителот. Од аспект на нотарското работење, основано се поставува прашањето дали за нотарот останува еден примерок од задолжницата кој има карактер на изворник, или пак како кај тестаментот, воопшто не се задржува примерок? По мое длабоко убедување, намерата на законодавецот не била нотарот кој ја солемнизира задолжницата да не го поседува изворникот. Сметам дека е оправдано во архивата на нотарот да се задржи примерок од солемнизиран акт, а еден примерок да му се издаде на доверителот. Она што произлегува од законот е дека не се издава примерок

за должникот. Инаку, системот за водење на Регистарот на задолжниците дозволува печатење повеќе примероци, па и од овој аспект логично е нотарот во својата архива да го чува изворникот, а при евентуално уништување или губење на задолжницата, може од архивата на нотарот да се подигне заверена копија од истата.

Понатаму, откако задолжницата ќе биде потврдена, сите измени кои се однесуваат на задолжницата се вршат кај нотарот кој ја потврдил задолжницата и се евидентираат во Регистарот на задолжниците. Приватна исправа која не е составена согласно со одредбите на овој закон не се смета за задолжница.

## IV - РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАДОЛЖНИЦА, ПОВЛЕКУВАЊЕ И ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПРАВАТА ОД ЗАДОЛЖНИЦА

### - Наплата по основ на задолжница пред носител на платен промет

Законот предвидува едноставна и ефикасна процедура за наплата на обврските по основ на задолжници. Наплатата ја иницира самиот доверител, со поднесување барање за наплата до банката на должникот. Кон барањето се приложува задолжницата и изјава заверена пред нотар, со која доверителот под потполна одговорност го потврдува неплатениот износ на побарувањето. Се поставува прашање дали е можно доверителот да даде изјава дека должникот му долгува помала сума од онаа која е назначена во задолжницата, бидејќи дел од долгот доброволно му е платен пред втасаниот на задолжницата. Сметам дека е можно и сосема нормално доверителот да даде ваква изјава и да бара наплата само на долгуваниот дел, бидејќи во спротивно без основ би се стекнал со средства кои објективно не му припаѓаат. Носителот на платен промет треба да го наплати делот кој е наведен во изјавата со што би се сметало дека задолжницата е наплатена во целост.

Барањето се поднесува во рокот за поднесување барање за наплата наведен на самата задолжница. Доколку доверителот не поднесе барање за наплата на побарувањата по задолжницата во крајниот рок, се смета дека побарувањата се наплатени и обврските по задолжницата престануваат (член 8 од ЗЗ).

### - Повлекување задолжница

Доверителот има право, во секое време по поднесување на барањето за наплата, да ја повлече од носителот на платен промет задолжницата која не е наплатена во целост, односно воопшто не е наплатена. Повле-

кувањето се врши кај носителот на платен промет, со поднесување изјава за повлекување дадена кај нотарот кој ја потврдил задолжницата. Повлечената задолжница не може да биде повторно предмет на наплата пред носителите на платниот промет (член 11 од ЗЗ), но може да добие карактер на извршна исправа, па преку извршител да се наплати по присилен пат.

**- Присилно извршување на задолжница**

Задолжницата има карактер на извршна исправа, односно истата претставува извршна исправа подобна за извршување од страна на извршител.

Постапката за претворање на задолжницата во извршна исправа ја иницира доверителот, со поднесување на задолжницата кај нотар со барање да стави потврда за извршност. На задолжницата повлечена од носителот на платен промет, нотарот е должен да стави потврда за извршност по што, во рок од 15 дена од повлекувањето на задолжницата од носителот на платен промет, доверителот може пред извршител да иницира постапка за присилно извршување.

Што се однесува, пак, до прашањето дали задолжницата е извршна исправа или не, цврсто стојам на ставот дека истата во потполност ги исполнува условите да претставува извршна исправа. И покрај тоа што ЗЗ, во член 12 став (1) не вели дека задолжницата е извршна исправа, туку дека има карактер на извршна исправа, сметам дека по ставањето на потврдата за извршност од страна на нотарот, согласно член 12 став (3), истата во потполност е изедначена по своите атрибути со другите извршни исправи и може да претставува основ за присилно извршување од страна на извршител, без какви било ограничувања. Одредбата од став (7) на член 12, која определува дека доколку во рок од 20 дена Централниот регистар не прими пријава од надлежен извршител кој ќе го спроведува присилното извршување по задолжница, ќе ја избрише задолжницата од Регистарот на задолжниците, треба да се толкува на начин што по овој рок настапила застареност за поднесување барање за присилно подмирување на побарувањето со примена на средството за обезбедување - задолжница. Како и кај секое друго обезбедување, ова не значи дека застарело и самото побарување во врска со која е издадена задолжницата, ниту пак доверителот го изгубил правото побарувањето кое произлегува од правниот основ кој бил обезбеден со задолжницата да го подмири со употреба на други правни средства, пр. платен налог, тужба и сл.

Во врска со постапувањето на извршителот по барањето за извршување на задолжница, во правната теорија и пракса се постави прашањето

дали извршителот при спроведување на постапката за извршување може да го спроведува извршувањето врз сите средства на должникот, или пак согласно член 11 став (5) в.в. со член 8 од ЗЗ, извршувањето не може да се спроведува врз парични средства. Сметам дека одредбата од член 11 став (5) в.в. со член 8 од ЗЗ се однесува на тоа дека доверителот не може повеќе пати да ја поднесува на наплата и да ја повлекува задолжницата пред носителот на платен промет, туку тоа може да го стори само еднаш. Тоа воопшто не задира во правата на извршителот во потполност да го применува Законот за извршување и извршувањето да го спроведе врз сите дозволени средства за извршување, па и врз паричните средства на должникот, кои се наоѓаат кај носителот на платен промет. Ваквото толкување би се косело и со принципот на економичност и итност, при спроведување на извршната постапка. Замислете ситуација во која должникот кој немал пари на сметка кај носителот на платен промет во момент на поднесување на задолжницата на наплата, а по повлекувањето на задолжницата добил прилив доволен за наплата на побарувањето во постапка пред извршител, но извршителот не би можел да ги наплати тие средства, дури и ако извршителот нема никакви други средства од кои би можело да се наплати побарувањето! Доверителот и покрај поседување извршна исправа, во услови кога должникот има парични средства, би останал неподмирен. Од друга страна, зарем не е нелогично на должникот да му се продава некаква недвижност (пр. дуќан), и покрај тоа што во моментот има пари на сметка? Впрочем, кога извршителот ќе спроведува извршување заради наплата на побарувањето во задолжницата, предмет на наплата пред носителот на платен промет не е задолжницата, туку налогот за извршување на извршителот, па не може да стане збор за примена на членот 11 став (5) од ЗЗ.

### - Откажување од правата од задолжница

Доверителот може во секое време да се откаже од правата од задолжницата, со изјава дадена кај нотар. Нотарот е должен истиот ден да поднесе барање за бришење на задолжницата од Регистарот на задолжниците, а Централниот регистар е должен по добивањето на барањето веднаш да ја избрише задолжницата од Регистарот на задолжниците.

### - Казнени одредби заради ненаплатливост на задолжницата пред носител на платен промет

Една од клучните особини на задолжницата е нејзината строгост во однос на можноста за наплата по истата, во момент на нејзиното доспевање.

Законот за задолжница во член 17 предвидува казнени одредби за должникот и одговорното лице на должникот, ако издадат задолжница за која во моментот на доставување на задолжницата за наплата кај носителот на платен промет нема покритие од кое задолжницата може да се наплати. За одговорното лице на должникот е предвидена парична казна или казна затвор до три години, а за должникот е предвидена парична казна.

Неколку месеци по донесувањето и започнување со примена на Законот за задолжница, донесен е Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик[9], со кој се операционализира Законот за задолжница во делот на казнените одредби, па со член 274-а од Кривичниот законик е предвидено кривично дело **„издавање задолжница без покритие“**, според кое тој што ќе издаде задолжница за која во моментот на достасување на задолжницата нема покритие, ќе се казни со парична казна или со казна затвор до три години.

**- Стечај и ликвидација над должник**

Според одредбите на член 14 од ЗЗ во случај на отворање стечајна постапка над должникот, побарувањата по основ на задолжница се пријавуваат кај стечајниот управник согласно со одредбите од Законот за стечај[10]. Должникот што има издадено задолжница која не е платена во целост не може да ја заврши започнатата ликвидациска постапка, односно не може да се избрише од Трговскиот регистар, сè додека задолжницата не се избрише од Регистарот на задолжниците согласно со член 8 став (5), член 10 став (2), член 12 ставови (6) и (7) и член 13 став (3) од ЗЗ. Стечајниот управник е должен во рок од 15 дена од денот на отворањето на стечајната постапка над должникот кој издал задолжница да поднесе барање до Централниот регистар за бришење на задолжницата од Регистарот на задолжниците. Централниот регистар е должен на денот на добивање на барањето да ја избрише задолжницата од Регистарот на задолжниците.

**- Дисциплинска одговорност**

Непостапувањето на нотарот, на извршителот и на стечајниот управник согласно одредбите на ЗЗ, претставува основ за нивна дисциплинска одговорност, согласно одредбите на Законот за нотаријатот, Законот за извршување и Законот за стечај.

[9] Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 166 од 26.12.2012 година. Истиот влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.
[10] Законот за стечај е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 34 од 22.03.2006 година. Измените и дополнувањата на законот се објавени во Службен весник на Република Македонија бр. 126/2006, 84/2007 и 47/2011.

## V. ПРАКТИЧНИ ИСКУСТВА ОД ДОСЕГАШНАТА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖНИЦА

Законот за задолжница се применува приближно две години, од кој период не можат да се издвојат многу богати искуства, кои произлегоа од примената на задолжницата во пракса.

Според важечкото законско решение, една од основните карактеристики на задолжницата е што таа се применува на доброволна основа, односно само доколку деловните субјекти имаат желба и се договорат должникот да го издаде овој инструмент како средство за обезбедување на побарувањето на доверителот.

Со примената на Законот за задолжница од 1 септември 2012 година, па сѐ до декември 2013 година, 93 нотари (од вкупно 176) имаат побарано и одобрено пристап до системот на Регистарот на задолжниците.

Според податоците добиени од Централен регистар на РМ заклучно со 15.01.2014 година, во Регистарот на задолжниците евидентирани се вкупно 85 задолжници, од кои 48 се избришани. Од избришаните задолжници:

- во 28 задолжници не е евидентирано барање за наплата на побарувањето кај носител на платен промет до крајниот рок за наплата;
- во 14 задолжници целосно е наплатено побарувањето кај носител на платен промет;
- во 2 задолжници доверителот дал изјава кај нотар за откажување од правата од задолжница; и
- во 4 задолжници не е евидентиран прием на задолжница кај извршител по повлекувањето на истата од носител на платен промет;

Вкупниот број на активни неизбришани задолжници е 37, од кои една е со статус на делумна наплата од носител на платен промет.

Вкупната вредност на активните задолжници кои не се избришани од системот изнесува вкупно 88.624.628,оо денари, додека пак вкупната вредност на избришаните задолжници изнесува вкупно 82.589.232,оо денари.

Овие податоци покажуваат дека само мал број деловни субјекти одлучиле да ја искористат задолжницата како средство за обезбедување на побарувањата од деловниот однос и да ги подмират своите обврски преку овој инструмент за наплата.

Ако се анализираат горенаведените податоци за избришаните задолжници, значи дека за оние побарувања кои доспеале и биле обезбедени со задолжница може да се констатира дека задолжницата е прилично добра и е сигурен инструмент за обезбедување на побарувањата. Имено, од четириесет и осум задолжници, околу 60 проценти од

побарувањата кои биле обезбедувани биле подмирени по доброволен пат, без да се активира задолжницата, а од останатите 40 проценти, ниту една задолжница не е поднесена како извршна исправа на реализација кај извршител, што значи дека и во овие случаи доверителот го помирил своето побарување.

По донесување на Законот за задолжница, дел од стручната јавност, меѓу кои спаѓам и јас, сметаше дека воведувањето построги санкции за неможноста за наплата на задолжницата преку носителот на платен промет, во моментот на нејзината доспеаност, па дури и воведување кривична одговорност за тоа, ќе овозможи поголема дисциплина и одговорност при издавање на задолжниците и нивна сигурна наплата. Меѓутоа, барем досега се покажа дека воведувањето кривична одговорност за должникот кој ќе издаде задолжница без покритие е една од основните причини што најголем дел од компаниите не се одлучуваат да посегнат кон користење на задолжницата како инструмент за обезбедување на побарувањата. Имајќи ја предвид моменталната ситуација и условите на домашниот пазар, каде секој на секого му должи и редовното сервисирање на обврските на правните субјекти во голема мера зависи од наплата на нивните побарувања спрема трети лица, едноставно одговорните лица на должникот не можат во потполност да бидат сигурни дека на денот на доспеаност на задолжницата, должникот ќе ги има наплатено своите побарувања и ќе има парични средства да го подмири побарувањето според задолжницата. Можеби должникот уште утре ќе имаше парични средства на својата сметка и ќе можеше да го исплати долгот спрема доверителот спрема кој е издадена задолжницата, но тоа не го ослободува од кривична одговорност, ниту должникот ниту одговорното лице во него. На овој начин казнените одредби кои предвидуваат кривична одговорност, од фактор на сигурност во постапката во врска со задолжницата, се претвори во елемент кој придонесува за избегнување и некористење на ова во принцип многу едноставно, сигурно и евтино средство за обезбедување на побарувањата.

Навистина, ваква кривична одговорност е предвидена за издавање чек без покритие, но повлекување паралела помеѓу овие два инструмента не може да биде соодветно. Пред сè, чекот е хартија од вредност која служи исклучиво за безготовинско плаќање, а задолжницата не е хартија од вредност, туку приватна исправа која служи за обезбедување на паричното побарување.

За да се елиминира стравот од строгата кривична одговорност, што ќе придонесе за поголема искористеност на овој инструмент, полезно би било да се размисли за бришење на ваквиот вид одговорност заради издавање задолжница без покритие и да се остави на слободната волја

на учесниците во деловниот однос да одлучуваат кога ќе го користат овој инструмент на обезбедување во корелација со другите инструменти (меница, гаранција, рачен залог, хипотека и сл). Уште повеќе, ако се има предвид дека доколку не успее наплатата на задолжницата преку носителот на платен промет, доверителот може да побара ставање клаузула на извршност, со што задолжницата добива својство на извршна исправа и истата може да претставува основ за наплата на побарувањето од целокупниот имот на должникот.

Од сето ова, може да се извлече заклучок дека иако во пракса се покажа дека постапката за издавање задолжница е брза и едноставна, а истата е сигурен инструмент за обезбедување на побарувањата кој гарантира висок степен на сигурност при наплата на одложеното плаќање, поради законската регулатива за кривична одговорност при евентуална неможност за наплата на задолжницата на денот на доспеаност, задолжницата не успеа да заживее како што е тоа случај во некои други држави каде што е предвиден овој инструмент.

## VI. НОВИНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖНИЦА

На предлог на Владата на РМ е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница. Со измените на Законот за задолжница, главните промени се извршени во членовите 3 и 8 од Законот за задолжница. Во членот 3 се додаваат два нови става (6 и 7) со кои е предвидено дека **издавањето на задолжницата е задолжително за должничко-доверителски односи со кои се создаваат обврски во износ од 300.000 денари и повеќе, доколку се исполнети условите од ставовите (4) и (5) на овој член** и дека задолжница не се издава, доколку вкупниот неплатен износ по основ на издадени задолжници надминува 30 % од вкупните приходи на должникот остварени во претходната година, евидентирани во Регистарот на годишните сметки кој се води во Централниот регистар.

Со измените во членот 8 од законот, децидно се наброени прилозите кои треба доверителот да ги достави заедно со барањето за наплата на обврските од задолжницата по датумот на достасување. За разлика од досегашните прилози (задолжницата, изјава заверена на нотар со која под полна морална, материјална и кривична одговорност го потврдува неплатениот износ на побарувањето по задолжницата и број на трансакциска сметка на доверителот на која треба да се пренесат средства од сметката на должникот), **со измените е предвиден нов прилог - изјава заверена кај нотар со која доверителот под полна морална, материјална и кривична одговорност го потрдува неплатениот износ**

**на побарувањето по задолжницата и потврдува дека нема поднесено и нема да поднесе тужба до надлежен суд, предлог за извршување до извршител или предлог за платен налог до нотар за наплата на побарување кое произлегува од основот за издавање на задолжницата.**

За разлика од основниот закон за задолжница кој содржи прекршочни одредби само за носителите на платен промет и одговорното лице на платниот промет, со измените на законот, поточно со членот 6, се воведува нов член 20-а со кој се предвидуваат прекршочни одредби и за должниците. Имено, се пропишува глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок на правните лица и глоба во износ од 1.000 евра за прекршок на одговорните лица на правните лица кои нема да издадат задолжница во должничко-доверителските односи на износ од 300.000 денари и повеќе.

Покрај надлежноста на Народна банка на Република Македонија за водење прекршочна постапка против носителите на платен промет, со измените на законот се воведува и надлежност на Управата за јавни приходи да поведе прекршочна постапка за правните лица за кои при редовна или вонредна контрола утврдила дека го прекршиле законот и да поведе постапка за порамнување, пред поведувањето на прекршочната постапка, согласно со Законот за прекршоците.

Со членот 7 од измените се пропишува надлежност на суд за водење на прекршочната постапка и изрекување прекршочна санкција за прекршоците пропишани со законот.

Сите споменати новини кои се пропишуваат со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница се со одложена примена од 1 јануари 2015 година.

## VII. ПРЕТПОСТАВЕНИ ЕФЕКТИ ОД ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖНИЦА

Во образложението на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница, предлагачот истакнува дека основни причини и цели на државата поради кои се предлагаат овие измени се да се зголеми сигурноста на доверителите, да се подобри наплатата на побарувањата и да се поттикне одговорно однесување на правните лица при влегување во должничко-доверителски односи.

Имајќи ги предвид новите законски решенија, основано се поставуваат неколку дилеми во врска со нив. Законското решение да се предвиди задолжително обезбедување во еден деловен однос, кој пред сѐ зависи од волјата на учесниците (доверителот и должникот), создава сериозна дилема за тоа дали државата може да има такви ингеренции во регулирање на меѓусебните деловни односи. Ова уште повеќе ста-

нува проблематично, ако се има предвид дека ненаплатливоста на задолжницата на денот на доспеаноста предизвикува кривична одговорност како за издавачот-должникот, така и за одговорното лице на должникот. Тоа значи дека доколку еден правен субјект сака да влезе во деловен однос над 300.000 денари, истиот уште во момент на склучување на договорот мора да резервира парични средства колку што изнесува побарувањето, бидејќи доколку дојде во ситуација на денот на доспеаност да ги нема паричните средства, кривично ќе одговараат и должникот и одговорното лице на должникот. Ваквата позиција ќе стане неодржлива за учесниците во правниот промет, бидејќи во денешни услови е многу тешко да се резервираат парични средства однапред за некој деловен однос кој треба да се реализира по истек на одредено време. Од друга страна, пак, дури и да постои неспорна волја од страна на учесниците за склучување деловен однос без обезбедување или со друг вид обезбедување кој не подразбира и кривична одговорност (како што се меницата, залогот, гаранцијата и сл.), истите не можат да го реализираат предвиденото правно дело, бидејќи по сила на закон должникот мора да издаде задолжница, а со тоа и да ризикува да сноси кривична одговорност за себе и за одговорното лице. На ваков начин, наместо да се поттикне и осигура правниот промет, можно е да имаме спротивен ефект, односно да немаме склучување правни дела каде побарувањата се врзани со задолжително издавање задолжница.

Воведувањето на задолжителност во издавање на задолжницата и истовремено пропишување кривична и прекршочна одговорност за должниците, може да се одрази негативно врз ликвидноста и солвентноста на должниците, што е спротивно на причините и целта на донесување на Законот за задолжница и неговите измени и дополнувања.

Од друга страна, пак, постои нерамноправност помеѓу субјектите кои се немаат задолжено повеќе од 30 % од вкупните приходи остварени во претходната година и оние кои веќе се имаат задолжено. Тоа значи дека кога ќе ја надминете границата од 30 % на задолженост, повеќе не сте во законска обврска да издавате задолжници, а со тоа сте и во опасност да паднете во задоцнување кое повлекува кривична одговорност. Ваквата ситуација ќе ги доведе учесниците во правниот промет во нееднаква положба, а самите услови на пазарот отежнати за постапување и ограничени со административни стеги, прекршочни и кривични санкции. Најдобар регулатор на условите на пазарот е самиот пазар, понудата и побарувачката, па секое преголемо административно вмешување од страна на државата, претставува фактор кој може да го отежне прометот.

Во новиот став (2) од членот 8, покрај тоа што законодавецот бара задолжително издавање на задолжницата, истовремено бара довери-

телот задолжително да се откаже од судската заштита во врска со побарувањето, што дополнително ја усложнува ситуацијата. Правото на судска заштита е загарантирано со Уставот, па барањето доверителот задолжително да даде изјава кај нотар, со која ќе се откаже од своето право на судска заштита, ја доведува во прашање издржаноста на ваквата норма. Пропишувањето облигаторност без можност за избор, може да предизвика негативен ефект по однос на подмирувањата на доверителите, на кои не им се остава можност да поднесат тужба до надлежен суд, предлог за извршување до извршител или предлог за платен налог до нотар, доколку самите оценат дека на тој начин би ги подмириле своите побарувања.

Сметам дека задолжницата треба да биде инструмент за обезбедување на побарувањата меѓу учесниците во деловен однос, кој истиот ќе го користат по сопствен избор и во случаи за кои сметаат дека е потребно, во корелација со другите средства за обезбедување, а притоа да нема задолжителност за користење на истото, ниту пак казнена одговорност заради неможност за наплата на паричното побарување обезбедено со задолжница. Ова станува многу појасно доколку се има предвид дека ако доверителот смета дека задолжницата не е доволно обезбедување за неговото побарување, истиот може да се договори со должникот за друг начин на обезбедување, наместо или заедно со задолжницата, како што се залогот, гаранцијата, меницата и сл. Ограничувањата во однос на изборот на средството за обезбедување или административното определување на задолжницата како задолжително средство, во услови кога неможнота на нејзината наплата на денот на доспеаност предизвикува кривична одговорност, може да биде отежнувачки елемент во деловните односи.

Измените од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница ќе се применуваат од 1 јануари 2015 година, па ќе остане на праксата да ги покаже ефектите од воведување на задолжителноста на задолжницата и другите новини предвидени со овие измени.

Република Македонија
НОТАР
МАРЈАН КОЦЕВСКИ
Куманово
ул. “11 Октомври” бр.4

**ИЗВОД**
**Книга четврта**
**ОДУ бр.5190/12**

**седми септември две илјади и дванаесетта година**

## ПОТВРДА (СОЛЕМНИЗАЦИЈА) НА ЗАДОЛЖНИЦА

Јас нотар Марјан Коцевски за подрачје на Основен Суд Куманово, ул.”11 Октомври” бр.4, потврдувам дека на седми септември две илјади и дванаесетта година, во единаесет часот, во мојата нотарска канцеларија пристапија учесниците:———

**1. ВТОРА БАНКА АД СКОПЈЕ, ЕМБС 12345**, со седиште во Скопје-Центар, “Маршал Тито” бр.14, чија регистрација како банка ја утврдив од увид во Тековна состојба Бр.08125/490 од 31.01.2012 (триесет и први јануари две илјади и дванаесетта) година, на Централен регистар на РМ, Регионална регистрациона канцеларија Куманово, што е прилог на оваа исправа, - **спис ”А”, застапувано од полномошник Димитриевска Даниела**, со МБ 02129524250010, родена на 02.12.1952 во Долно Коњаре, Куманово, со живеалиште на ул.”14” бр.8, Куманово, чиј идентитет го утврдив од ЛК бр.А0641125 издадена на 20.08.2010 од МВР-Куманово, со полномошно УЗП бр.55125/12 од седми септември две илјади и дванаесетта година, заверено во мојата нотарска канцеларија - **спис”Б“,- како Доверител (во натамошниот текст Доверител);** ———

**2. Друштво за производство, трговија и услуги САМБА ТОДЕ ДООЕЛ увоз- извоз, ЕМБС 601258**, со седиште во Куманово, ул.”ЈНА” бр.12а, чија регистрација како ДООЕЛ ја утврдив од увид во Тековна состојба Бр.0806/8 од 23.02.2011 (дваесет и третти февруари две илјади и еди наесетта година, што е прилог на оваа исправа - **спис”В”, застапувано од Управител Спасовски Тоде**, со МБ 2408981420016, роден на 24.08.1981 во Куманово, со живеалиште во Куманово, ул.”ЈНА” бр.7а, чиј идентитет го утврдив од Пасош бр.А0225915 издаден на 25.07.2008 од МВР-Куманово,, како **Должник (во натамошниот текст Должник)**; ———

* Податоците во писменото се измислени.

На барање на учесниците, согласно член 4 од Закон за задолжница, преку Системот за водење на Регистар на задолжници при Централен регистар на РМ, извршив составување на Задолжница заведена во Регистар на заложници под бр.1102012045, издадена и потпишана од странките на 07.09.2013 (седми септември две илјади и дванаесетта) година, заради обезбедува парично побарување на Доверителот спрема Должникот во вкупен износ од 1.000.000,00 МКД (еден милион денари), а кое произлегува од Договор за кредит бр.01/2012-514 склучен помеѓу договорните страни на 07.09.2012 (седми септември две илјади и дванаесетта) година, што е прилог на оваа исправа -спис"Г".

Откако го утврдив идентитетот на учесниците и ја проучив Задолжницата, сочинета од една страна, на еден лист, која е предмет на оваа солемнизација и прилозите кон истата:

П О Т В Р Д У В А М

Дека оваа исправа - **Задолжницата, ја проучив и утврдив дека по својата форма и содржина одговара на јавна исправа и има сила на извршна исправа согласно член 12 став 1 од Законот за задолжница**.

На учесниците на оваа правна работа, исправата и прилозите кон неа им ја прочитав и ги предупредив дека потврдената приватна исправа има сила на јавна исправа. Учесниците изјавија дека ги прифаќаат правните последици и тоа одговара на нивните волји.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т.7 од Законот за судските такси и член 144 став (4) од Законот за нотаријатот во износ од 500,оо денари е наплатена. ***(износот на нотарска такса се менува зависно од износот на обезбеденото побарување, согласно ЗСТ)***

Нотарска награда, согласно член 33 од НТ е пресметана во износ од 3.000,оо денари, и трошоци /денари.***(износот на нотарска награда се менува зависно од износот на обезбеденото побарување, согласно НТ)***

ОДУ бр.5190/12, во Куманово, на седми септември две илјади и дванаесетта година.

нотар: Марјан Коцевски

* Изјава од доверител во согласност со член 8 став (3) од Законот за задолжница. (Во оваа изјава која ја составува доверителот, се опфатени сите елементи предвидени со Законот за задолжница. Податоците во изјавата се измислени.)

**И З Ј А В А**

**Од доверителот:**
**Друштво за производство, трговија и услуги РУМБА ТРАДЕ ДООЕЛ, увоз-извоз, Скопје, ул. „11–ти Ноември“ бр. 11, Скопје, ЕМБС 601889**

Изјавувам под полна морална, материјална и кривична одговорност дека побарувањето по задолжница заведена во Регистарот на задожниците на РМ, под бр. 1102012045, солемнизирана од нотарот ________ ____________, именуван за подрачјето на Основниот суд __________________, под ОДУ бр. 5190/12 од седми септември две илјади и дванаесетта година, спрема должникот **Друштво за производство, трговија и услуги САМБА ТОДЕ ДООЕЛ увоз-извоз, ЕМБС 601258**, ул. „ЈНА“ бр. 12а Скопје, на износ од 1.000.000,оо МКД (еден милион денари), а кое произлегува од Договорот за кредит бр. 01/2012-514, склучен на 07.09.2012 година, со датум на доспеаност на задолжницата 10.09.2013 година и краен рок на доставување на барање за наплата на задолжницата 10.12.2013 година, **е пристигнат за наплата во целост**, па од доверителот спрема должникот има пристигнато парично побарување на име главен долг во износ од 1.000.000,оо денари со казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело, зголемено за десет процентни апоени сметано од 07.09.2012 година до конечната наплата. Средствата од побарувањето да бидат пренесени на трансакциска сметка на доверителот Друштво за производство, трговија и услуги РУМБА ТРАДЕ ДООЕЛ, увоз-извоз, Куманово со број 300000000452563 која се води во Комерцијална банка А.Д.-Скопје.

За побарувањето кое произлегува од задолжницата заведена во Регистарот на задожниците на РМ, под бр. 1102012045 и солемнизирана од нотарот ________ _________________, именуван за подрачјето на Основниот суд ______________, под ОДУ бр. 5190/12, немам поднесено и нема да поднесам тужба до надлежен суд, предлог за извршување до извршител или предлог за платен налог до нотар.

Во ____________, на 07.12.2013 г.

Доверител:
ДПТУ РУМБА РАДЕ ДООЕЛ

Управител __________________

* Изјава од Доверител согласно член 11 од Законот за задолжница

Република Македонија
Н О Т А Р

**ИЗВОД**
**Книга четврта**
**ОДУ бр.5800/13**

ул.________________бр.__
**шеснаесетти август две илјади и тринаесетта година**

Јас, нотар ____________, за подрачје на Основен суд ______________, ул. "___________" бр._____, __________, во мојата нотарска канцеларија, на шеснаесетти август две илјади и тринаесетта година во шеснаесет часот, го составив овој: ----------------------------------------------

---------------------------------- **НОТАРСКИ АКТ** ----------------------------------

**Друштво за производство, трговија и услуги РУМБА ТРАДЕ ДООЕЛ, увоз- извоз, Скопје, ул. „11 – ти Ноември" бр. 11, ЕМБС 601889**, чија регистрација како ДООЕЛ ја утврдив од увид во Тековна состојба Бр.0806/8 од 23.02.2011 (дваесет и третти февруари две илјади и единаесетта година), што е прилог на оваа исправа - **спис „А", застапувано од Управител Спасовски Тоде**, со МБ 2408981420016, роден на 24.08.1981 во Скопје, со живеалиште во Скопје, ул.„ЈНА" бр.7а, чиј идентитет го утврдив од Пасош бр. А0225915 издаден на 25.07.2008 од МВР-Скопје, пристапи во мојата нотарска канцеларија и побара од мене врз основа на Закон за нотаријатот, да ја запишам и заверам неговата изјава за повлекување на задолжница.-------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------

Откако лично се уверив во идентитетот на учесникот, како и во неговата вистинска и сериозна волја, му укажав на правните последици од преземање на ова правно дело, и согласно **член 11 став 1 од Законот за задолжница**, учесникот, **ЈА ДАДЕ следната**: ----------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------

**И З Ј А В А**
**за повлекување на задолжница**

----------------------------------------------------------------------------------------

**Изјавуваме под потполна одговорност, дека ја повлекуваме Задолжницата, запишана во Регистарот на задожници на РМ под бр.**

**1102012045, солемнизирана од Нотар _______________ именуван за подрачјето на Основен суд __________, под ОДУ бр.5190/12 од седми септември две илјади и дванаесета година, на износ од 1.000.000,оо МКД (еден милион денари) потпишана од должникот Друштво за производство, трговија и услуги САМБА ТОДЕ ДООЕЛ увоз- извоз, Скопје и доверителот Друштво за производство, трговија и услуги РУМБА ТРАДЕ ДООЕЛ, увоз- извоз Скопје.**---------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Изјавата ја даваме да послужи пред носителот на платен промет Втора банка а.д. Скопје АД Скопје, пред кој е поднесена задолжницата за наплата, а не е наплатена во целост, како основ за нејзино повлекување.** ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако лично му го прочитав овој акт, учесникот изјави : --------------

Потврдувам дека го сфатив значењето на оваа правна работа, па со истата изрично се согласувам, под условите и на начинот наведени во актот кој ми е прочитан и на кој немам никакви забелешки, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно се потпишувам.---------

Овој акт лично го составив и истиот е сочинет од еден лист на една страна.-----------------------------------------------------------------------------

Изворникот на овој акт се наоѓа во архива на нотарот, а на учесникот му се издадени два извода.---------------------------------------------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судските такси и член 144 став 4 од Закон за нотаријатот во износ од 50,оо денари е наплатена. -----------------------------------------------------

Нотарска награда, согласно член 33 од НТ е пресметана во износ од 400,оо денари, и трошоци согласно член 55 од НТ 60,оо денари. ----------

**За Друштво за производство, трговија и услуги услуги РУМБА ТРАДЕ ДООЕЛ увоз- извоз, ЕМБС 601889, Управител Спасовски Тоде с.р.** -------------------------------------------------------------------------------

**ОДУ бр.5800/13 во Куманово на шеснаесетти август две илјади и тринаесетта година.** -----------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.----------------

Овој е прв извод, кон кој не се приклучени прилози на актот. ----------

Издаден во Скопје, на шеснаесетти август две илјади и тринаесетта година. ---------------------------------------------------------------------------

нотар _________________

* Изјава од Доверител согласно член 13 од Законот за задолжница

Република Македонија
Н О Т А Р

**ИЗВОД**
**Книга четврта**
**ОДУ бр.71/13**

ул.________________бр.__
**единаесеттти јануари две илјади и тринаесетта година**

Јас, нотар ____________, за подрачје на Основен суд ______________, ул. "___________" бр._____, __________, во мојата нотарска канцеларија, на шеснаесетти август две илјади и тринаесетта година во шеснаесет часот, го составив овој: ----------------------------------------------------------------
---------------------------------- **НОТАРСКИ АКТ** ----------------------------------

**Друштво за производство, трговија и услуги РУМБА ТРАДЕ ДООЕЛ, увоз- извоз, Скопје, ул. „11 – ти Ноември“ бр. 11, ЕМБС 601889**, чија регистрација како ДООЕЛ ја утврдив од увид во Тековна состојба Бр.0806/8 од 23.02.2011 (дваесет и третти февруари две илјади и единаесетта година), што е прилог на оваа исправа - **спис „А", застапувано од Управител Спасовски Тоде**,, со МБ 2408981420016, роден на 24.08.1981 во Скопје, со живеалиште во Скопје, ул.„ЈНА" бр.7а, чиј идентитет го утврдив од Пасош бр. А0225915 издаден на 25.07.2008 од МВР-Скопје, пристапи во мојата нотарска канцеларија и побара од мене врз основа на Закон за нотаријатот, да ја запишам и заверам неговата изјава за откажување од правата од задолжница. ------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако лично се уверив во идентитетот на учесникот, како и во неговата вистинска и сериозна волја, му укажав на правните последици од преземање на ова правно дело, и согласно **член 13 став 1 од Законот за задолжница**, учесникот, **ЈА ДАДЕ следната**: ------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

**И З Ј А В А**
ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПРАВАТА ОД ЗАДОЛЖНИЦАТА

------------------------------------------------------------------------------------------------

**Друштво за производство, трговија и услуги РУМБА ТРАДЕ ДООЕЛ увоз- извоз, ЕМБС 601889, застапувано од Управител Спасовски Тоде, со МБ 2408981420016, под потполна одговорност НЕОТПОВИК-**

**ЛИВО ИЗЈАВУВАМ, дека се откажувам од правата на Друштво за производство, трговија и услуги САМБА ТОДЕ ДООЕЛ увоз- извоз , ЕМБС 601258 како Доверител, а кои произлегуваат од Задолжницата** заведена во Регистар на заложници под бр. **1102012045,** издадена и потпишана од страна на Доверителот и Должникот **Друштво за производство, трговија и услуги САМБА ТОДЕ ДООЕЛ увоз- извоз, Скопје** на ден 07.09.2012 (седми септември две илјади и дванаесетта) година, заради обезбедување парично побарување на Доверителот спрема Должникот во вкупен износ од 1.000.000,оо МКД (еден милион денари), а кое произлегува од Договор за кредит бр. 01/2012-514 склучен на 07.09.2012 година, со датум на доспеаност на задолжницата 10.09.2013 година, и краен рок на доставување на барање за наплата на задолжницата 10.12.2013 година, кај носител на платен промет Втора Банка АД Скопје, од сите расположливи средства на Должникот-------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Откако лично му го прочитав овој акт, учесникот изјави:** ---------

**Потврдувам дека го сфатив значењето на оваа правна работа, па со истата изрично се согласувам, под условите и на начинот наведени во актот кој ми е прочитан и на кој немам никакви забелешки, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно се потпишувам** ---------------------------------------------------------------

**Овој акт лично го составив и истиот е сочинет од два листа на две страни**: ----------------------------------------------------------------

Изворникот на овој акт се наоѓа во архива на нотарот, а на учесникот му се издадени два извода.---------------------------------------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судските такси и член 144 став 4 од Закон за нотаријатот во износ од 50,оо денари е наплатена. ---------------------------------------------

Нотарска награда, согласно член 33 од НТ е пресметана во износ од 400,оо денари, и трошоци согласно член 55 од НТ 60,оо денари. ------------------------------------------------------------------------------

**За Друштво за производство, трговија и услуги услуги РУМБА ТРАДЕ ДООЕЛ увоз- извоз, ЕМБС 601889, Управител Спасовски Тоде с.р.** ---------------------------------------------------------------------------

**ОДУ бр. 71/13 во Скопје на единаесетти јануари две илјади и тринаесетта година.** -----------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.---------------

Овој е прв извод, кон кој не се приклучени прилози на актот. ---------

Издаден во Скопје, на единаесетти јануари две илјади и тринаесетта година.. ---------------------------------------------------------------------

нотар ________________

# Глава III

# ИНФОРМАЦИИ ОД ОРГАНИ И ТЕЛА НА НОТАРСКА КОМОРА НА РМ

Управниот одбор на Нотарската комора на РМ врз основа на член 104 став (1) точка н и член 113 став (2) од Законот за нотаријатот и член 28 од Статутот на НКРМ, на седницата одржана на ден 11.04.2014 година донесе

## ГОДИШЕН ПЛАН НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РМ ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА НОТАРИТЕ ВО 2014 ГОДИНА

1. Во текот на 2014 година Нотарската комора ќе изврши надзор над работењето на педесет и осум (58) нотари, во кој ќе бидат опфатени нотари од скопското, од битолското, од штипското и од гостиварското апелационото подрачје.

Надзорот ќе го опфати периодот од последните две години (2012 и 2013 година).

2. Списокот на нотари над чија работа во 2014 година ќе биде извршен надзор се утврдува по азбучен ред како прилог на овој план и соодветно на секое апелационото подрачје, како и список на двочлените, односно трочлените комисии за вршење надзор определени од Управниот одбор.

Комисиите ќе бидат определени и ќе работат согласно Правилникот за вршење надзор над работењето и обврските на нотарите и критериумите за постапување при вршењето надзор над работењето и обврските на нотарите во Република Македонија.

3. На крајот на 2014 година, Управниот одбор ќе подготви преглединформација за резултатите од спроведениот надзор над работењето на определените нотари, заради согледување на потребата од натамошно стручно оспособување на нотарите.

4. Составен дел од овој план се:

- Список на нотарите над чија работа ќе се врши надзор во 2014 г.;
- Список на 8 овластени лица за вршење надзор;
- Список на двочлени, односно трочлени комисии за вршење надзор по апелациски подрачја.

УПРАВЕН ОДБОР НА НКРМ
Претседател
Зорица Пулејкова с.р.

# СПИСОК

## НА НОТАРИ НАД КОЈ ЌЕ СЕ ИЗВРШИ НАДЗОР НАД НИВНАТА РАБОТА ВО ТЕКОТ НА 2014 ГОДИНА

### 1. АПЕЛАЦИЈА СКОПЈЕ

- Зоја А.Трајковска
- Марјан Коцевски
- Елизабета Арсовска
- Владимир Голубовски
- Невенка З.Вучидолова
- Снежана М.Дојчинова
- Елена Мартинова
- Јорданка Митевска
- Петар Митков
- Весна Митровска
- Симона Николиќ
- Ѓорѓи Николов
- Роза Николова
- Златко Николовски
- Магдалена Ордева
- Нада Палиќ
- Ристо Папазов
- Весна Паунова
- Наташа Пејкова
- Виолета П.Стефановска
- Билјана Пецовска
- Оливера Пешиќ
- Слободан Поповски
- Нада Прочкова
- Зорица Пулејкова
- Ристо Самарџиев
- Снежана Сарџовска
- Богданка Дејановска
- Миле Андоновски
- Верица С.Синадинова
- Лидија Смиљаноска

### 2. АПЕЛАЦИЈА БИТОЛА

- Горан Диманоски
- Марија Ѓорѓиоска
- Сашо Ѓурчиноски
- Веселинка Здравкова
- Момана Иваноска
- Вера Караманди
- Васил Кузманоски
- Мексуд Максуд
- Трајко Маркоски
- Николче Павловски

### 3. АПЕЛАЦИЈА ШТИП

- Соња К.Кимова
- Искра Кировска
- Аница Маџункова
- Ленче Каранфиловска
- Лидија Илиевска
- Соња Божинкочева
- Богданка Димитровска
- Јован Ѓорѓовски

### 4. АПЕЛАЦИЈА ГОСТИВАР

- Сами Летми
- Енвер Мустафи
- Мухамет Прапанику
- Зулфиќар Сејфулаи
- Иво Серафимовски
- Наџи Зеќири
- Тодор Бошковски
- Ариф Ибраими

Стручниот совет на Нотарската комора на РМ, врз основа на членовите 18 и 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на НКРМ, на седницата одржана на ден 19.06.2014 година ги утврди, а Управниот одбор на Нотарската комора на РМ, на седницата одржана на ден 03.10.2014 година ги усвои следните

# З А К Л У Ч О Ц И

## ОД РЕДОВНОТО СТРУЧНО СОВЕТУВАЊЕ НА НОТАРИТЕ ОДРЖАНО НА 12 И 13 АПРИЛ 2014 ГОДИНА ВО ОХРИД, ХОТЕЛ МЕТРОПОЛ И БЕЛВИ

Вр основа на излагањата, прашањата и дискусиите на стручното советување на нотарите, одржано во Охрид на 12 и 13 април 2014 година, Стручниот совет на Нотарската комора на Република Македонија ги утврди следните заклучоци:

## I. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ РЕШЕНИЕ ЗА ДОЗВОЛА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА ВЕРОДОСТОЈНА ИСПРАВА

**1. Прашање:** Кој треба да ги сноси поштенските трошоци кои се направени за втора и трета достава на решението за извршување на должникот? Ако треба да ги сноси доверителот, како да постапува нотарот кога доверителот не ги признава тие трошоци, односно не сака да ги плати?

**Заклучок: Во согласност со член 16-е од Законот за извршување за вршење на работите од постапката за донесување решение со кое се дозволува извршување, нотарите имаат право на награда и надоместок на трошоците во согласност со Нотарската тарифа. Според член 28 од Нотарската тарифа, наградата и надоместокот на трошоците нотарот ги наплатува непосредно од доверителот. Според тоа, трошоците за доставата на решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа е должен да ги сноси доверителот.**

**За трошоците за дополнителна достава (втора или трета достава) на решението, кои не се опфатени во решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, нотарот ќе му достави фактура на доверителот и притоа ќе го извести дека ако не ги плати трошоците, нотарот ќе му ги наплати присилно, а на доверителот за дополнително направените трошоци ќе му издаде пресметковен лист, за да може доверителот да си ги наплати од должникот во постапка пред извршител.**

**2. Прашање:** Кај предлог за извршување добивам од пошта плико на кое стои дека должникот е иселен, се обраќам до УВМК, од каде ми даваат податок дека лицето е починато, се обраќам до МВР, ми даваат податок дека не постои податок дека лицето е починато, што понатаму?

**Заклучок:** Нотарот ќе постапи по известувањето и податокот добиен од Управата за водење матични книги, која е надлежен орган за издавање податок дека некое лице е починато.

Доколку е добиен податок дека должникот е починат по поднесување на предлогот за донесување решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, нотарот ќе донесе решение за прекин на постапката во согласност со член 200 став (1) од Законот за парничната постапка.

Доколку е добиен податок дека должникот е починат пред поднесување на предлогот за донесување решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, нотарот ќе донесе решение со кое се укинува решението за дозвола за извршување и предлогот се отфрла поради непостоење странка во согласност со членовите 70 и 74 од ЗПП.

**3. Прашање:** За УПДР има предмет - донесување решение врз основа на веродостојна исправа, кога се работи за солидарни должници, кај едниот има уредна достава, за другиот има неуредна достава и за третиот има уредна достава и од негова страна има доставено приговор. Како да се постапи во овој случај?

**Заклучок**: Според член 190 став (1) од ЗПП, секој сопарничар во парницата е самостојна странка и неговите дејствија или пропуштања не им користат, ниту им штетат на другите сопарничари, а според член 191 ако според законот или поради природата на правниот однос спорот може да се реши на еднаков начин спрема сите сопарничари (единствени сопарничари), тие се сметаат како една парнична странка, така што во случај ако одделни сопарничари пропуштат некое парнично дејствие, дејството на парничните дејствија што ги извршиле други сопарничари се протега и на оние што не ги презеле тие дејствија.

Тоа значи дека во постапката за донесување решение за извршување врз основа на веродостојна исправа солидарните должници, кои се наоѓаат во таков материјално-правен однос, на пример во согласност со член 401 од Законот за облигационите односи или член 57 од Законот за меница, се наполно самостојни бидејќи солидарните должници не се единствени сопарничари кои можат да се сметаат како една странка во постапката пред нотарот. Токму карактерот на взаемниот однос е таков што секој од должниците може да биде самостојно обврзан да ја исполни својата обврска и одбраната на едниот

**солидарен должник не им користи на другите. Доколку против сите солидарни должници биде донесено решение за дозвола на извршување врз основа на веродостојна исправа со кое сите ќе бидат задолжени да платат, во случај ако некој од нив плати, останатите се ослободуваат, меѓутоа ако некој од солидарните должници не поднесе приговор против решението за извршување, па решението спрема него стане правосилно и извршно, а другите солидарни должници вложат приговор, во таков случај против солидарниот должник за кого решението станало правосилно и извршно може да се бара присилно извршување, иако решението за извршување не е правосилно спрема некои од солидарните должници.**

**4. Прашање:** Доверителот поднел предлог за донесување решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа против двајца солидарни должници. Решението за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа едниот должник уредно го примил, додека за другиот е вратено назад до нотарот со назнака „починат". Според известувањето кое е доставено од МВР, вториот должник починал пред поднесувањето на предлогот за донесување решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа од доверителот. По ова, нотарот донел решение со кое решението за дозвола за извршување врз основа на веродостојана исправа за вториот должник го укинува и го става вон сила, додека за првиот должник потврдува дека останува во сила. Доверителот поднел поднесок до нотарот со кој бара на решението за дозвола за извршување да се стави печат за правосилност и извршност. Дали треба да се стави печатот за правосилност и извршност (во целост), или пак печатот за делумна правосилност и извршност кој не е соодветен за овој случај?

**Заклучок: На решението за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа кое станало правосилно и извршно само спрема едниот должник, треба да се стават штембилите за правосилност и извршност во целост и покрај штембилите, да се констатира дека решението е правосилно и извршно само спрема едниот должник, а спрема вториот должник е укинато со решение УПДР бр.___________.**

**5. Прашање:** Од доверителот е поднесен предлог за извршување врз основа на веродостојна исправа против главен должник и споредниот должник (гарант) со место на живеење на територијата на ист основен суд. При доставата на решението, споредниот должник уредно го примил, додека главниот должник не го примил и во повратницата од пошта е назначено дека истиот е иселен. Од МВР е добиено известување дека лицето должник живее во друго место на територија на друг ос-

новен суд. Дали нотарот согласно член 42 од ЗПП и понатаму е месно надлежен да постапува по предлогот или треба да донесе решение за месна ненадлежност, бидејќи главниот должник сега е со место на живеење на подрачјето на друг основен суд и дали предметот треба да го препрати на месно надлежен нотар за подрачјето каде сега живее главниот должник?

**Заклучок:** Во согласност со член 42 од Законот за парничната постапка, ако со една тужба се тужени повеќе лица, а за нив не постои месна надлежност на ист суд, надлежен е судот кој е месно надлежен за еден од тужените, а ако меѓу нив има главни и споредни должници, тоа е судот кој е месно надлежен за некој од главните должници. Според ова, ако главниот должник има живеалиште во град на подрачје на друг основен суд, нотарот ќе се огласи за месно ненадлежен, ќе го укине донесеното решение и предметот ќе го препрати до месно надлежен нотар.

**6. Прашање:** Дали за предлог за поништување клаузули на правосилност и извршност поднесен од должникот се плаќа судска такса? Доколку се плаќа, дали нотарот е овластен да донесе одлука - решение по предлогот доколку судската такса не е платена?

**Заклучок:** Таксите пропишани со Законот за судските такси е должно да ги плати лицето по чиј предлог се поведува постапката или во чиј интерес се преземаат дејствијата во постапката во согласност со член 3 став (1) од Законот за судските такси. Според член 4 став (1) и став (2) точка 8 од Законот за судските такси, судска такса се плаќа и за други дејствија кога ќе се побара нивно преземање. Од цитираните законски одредби произлегува дека подносителот е должен за предлог за укинување клаузули на правосилност и извршност на решение со кое е дозволено извршување врз основа на веродостојна исправа да плати судска такса по тарифен бр. 1 точка 8 од Законот за судските такси, намалена за 75 % согласно член 144 став (4) од Законот за нотаријатот.

Доколку за предлогот за укинување клаузули на правосилност и извршност не е платена судската такса, нотарот е должен да постапи во согласност со член 30 ставови (1), (2) и (3) од Законот за судските такси, односно во рок од три дена да побара од Управата за јавни приходи на чие подрачје таксениот обврзник има живеалиште (седиште) таксата да се наплати по присилен пат, а на списот ќе забележи дека од наведениот орган е побарана присилна наплата.

**7. Прашање:** Како да постапи нотарот кога по барање до МВР за адреса на должник во постапка за донесување решение со кое се дозво-

лува извршување врз основа на веродостојна исправа добие информација дека должникот има ЕМБГ за странец, без притоа да даде информација за негова адреса?

**Заклучок:**

I. Доколку не е донесено решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, тогаш во согласност со член 16-г став (3) од Законот за извршување, нотарот ќе побара од доверителот да го уреди предлогот со нова адреса на должникот во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето.

Ако доверителот не го уреди предлогот во тој рок, нотарот ќе донесе решение со кое предлогот ќе се смета за повлечен. Доколку пак доверителот го достави предлогот, а предлогот не е уреден согласно дадените насоки, нотарот ќе донесе решение со кое ќе го отфрли предлогот во согласност со член 16-г став (4) од Законот за извршување.

II. Доколку е донесено решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, тогаш нотарот повторно ќе се обрати до доверителот да достави дополнителен податок во рок од 8 дена во врска со предлогот во однос на идентитетот на должникот или неговата адреса. Доколку во дадениот рок доверителот не достави податок, тогаш нотарот ќе донесе решение со кое ќе го укине веќе донесеното решение и ќе го отфрли предлогот со право на жалба во согласност со член 16-г став (4) од Законот за извршување.

**8. Прашање:** Како да постапи нотарот кога донел решение со кое се дозволува предложеното извршување врз основа на веродостојна исправа поднесено од доверител спрема должник со одредено презиме и име, доставата на решението до должникот не е уредно извршена, па доверителот го известува нотарот дека презимето на должникот е друго презиме, но со исто име и со истата адреса?

**Заклучок:** Според член 336, а во врска со член 331 ставови (1) и (2) од Законот за парничната постапка, грешките во имињата и броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоци во формата и сл., ќе ги поправи претседателот на советот, односно судија поединец, во секое време. Поправањето ќе се изврши со посебно решение и ќе се внесе на крајот на оригиналот, а до странките ќе се достави препис од решението.

Според ова, доколку доверителот го известил нотарот дека должникот има друго презиме, различно од презимето наведено во предлогот, нотарот ќе донесе решение за поправка на решението за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа во согласност со член 336, а во врска со член 331 ставови (1) и (2) од ЗПП, кое ќе го достави до доверителот и до должникот.

**9. Прашање:** Дали нотарот е должен да врши достава на жалба поднесена од доверител на одговор на жалба до должникот или тоа треба да го врши судот каде предметот треба да се достави на натамошна постапка?

**Заклучок: Доколку против кое било решение донесено од нотарот во постапката за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа е вложена жалба, нотарот не е должен поднесената жалба да ја доставува на одговор на другата странка согласно заклучоците на Нотарската комора на РМ донесени во соработка со претставници од судовите.**

**10. Прашање:** Дали во решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа треба да се определи наградата во износ од 220,оо ден. за правосилност и извршност (иден и неизвесен факт) доколку тоа го бара доверителот?

**Заклучок: Во решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, нотарот ќе ги дозволи трошоците за ставање потврда на правосилност и извршност на решението во износ од 220,оо денари, доколку доверителот ги побарал тие трошоци во предлогот.**

**11. Прашање:** Како да постапи нотарот во случај кога е донесено решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, при што во текот на доставата повратницата за должникот се вратила со назнака НЕПОЗНАТ, нотарот се обратил до МВР при што добил одговор дека такво лице со тој ЕМБГ не постои во системот на АОП на МВР?

**Заклучок: Доколку е донесено решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, тогаш нотарот повторно ќе се обрати до доверителот да достави дополнителен податок во рок од 8 дена во врска со предлогот во однос на идентитетот на должникот или неговата адреса. Доколку во дадениот рок доверителот не достави податок, тогаш нотарот ќе донесе решение со кое ќе го укине веќе донесеното решение и ќе го отфрли предлогот со право на жалба во согласност со член 16-г став (4) од Законот за извршување.**

**12. Прашање:** Како да постапи нотарот во случај кога е донесено решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, при што во текот на доставата повратницата за должникот се вратила со назнака ИСЕЛЕН, нотарот се обратил до МВР при што добил одговор дека лицето нема пријавено живеалиште во Скопје, туку дека живее во Приштина - Косово?

**Заклучок: Доколку во фазата на достава на решението за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа и по добиен податок од МВР се утврди дека должникот е иселен во друга држава, нотарот ќе донесе решение со кое ќе го укине донесеното решение и ќе се огласи за месно ненадлежен во согласност со член 16-а од Законот за извршување.**

**13. Прашање:** Како да постапи нотарот во случај кога е донесено решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, при што во текот на доставата повратницата за должникот се вратила со назнака ИСЕЛЕН, нотарот се обратил до МВР при што добил одговор дека лицето со тој ЕМБГ е Зора М., а не Зорица Т. како што е наведено во предлогот, веќе донесеното решение и веродостојната исправа, односно има разлики во името и презимето, а се поклопува само адресата?

**Заклучок: Доколку е донесено решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, тогаш нотарот повторно ќе се обрати до доверителот да достави дополнителен податок во рок од 8 дена во врска со предлогот во однос на идентитетот на должникот. Доколку во дадениот рок доверителот не достави податок, тогаш нотарот ќе донесе решение со кое ќе го укине веќе донесеното решение и ќе го отфрли предлогот со право на жалба во согласност со член 16-г став (4) од Законот за извршување.**

## II. ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА

**1. Прашање:** Во оставинска постапка оставителот има склучено договор за доживотна издршка како примател на издршка со неговата сестра - како давател на издршка, на имотот запишан на негово име. Во договорот за доживотна издршка е запишана како примател на издршката и брачната другарка на оставителот која е сè уште жива, а родени деца немаат. Како нотарот да постапи кога условот од договорот за оставителот е исполнет?

**Заклучок: Кога во договорот за доживотна издршка е запишана како примател на издршката и брачната другарка на оставителот која е сè уште жива, а родени деца немаат, нотарот ќе води оставинска постапка само за оној имот кој не е опфатен во договорот за доживотна издршка.**

**2. Прашање:** Во оставинска постапка се работи за предмет за којшто веќе е донесено решение, но за истиот предмет до нотарот е доставено барање за расправање на новопронајден имот, а како нововопронајден

имот е сеф во банка. Од страна на нотарот е побарано од банката информација за сефот, односно за која вредност на парични средства се работи, но од истата банка е доставена потврда само за бројот на сефот и други информации не се дадени. Прашањето е како да постапи нотарот, дали да огласи наследник и како да ја пресмета нотарската награда, па врз основа на решението во присуство на огласените наследници да се отвори сефот, или пак сефот да се отвори пред да се огласат наследници и за истиот да се состави записник во присуство на нотар и врз основа на записникот да се донесе решение?

**Заклучок: Нотарот треба со писмо да се обрати до банката и во договор со банката да определат ден за да се отвори сефот. Сефот ќе се отвори во присуство на двајца сведоци (сведок може да биде и некој од наследниците) и службеник од банката и нотарот ќе направи записник за опис и попис на предметите што се наоѓаат во сефот. Тој записник ќе биде основ за утврдување на оставинската маса.**

